**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Осумнаесетата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 август 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,23 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше госпоѓа Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Светлана Јакимовска:** Продолжуваме по 18-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Трајко Вељаноски, Силвана Бонева, Фијат Цаноски, Јован Манасијевски, Али Ахменти, Авдија Пепиќ ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 18 - Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација**

Законот и дописот на претседателот на Република Македонија со кој известува дека не го потпишува Указот за прогласување на законот ви се доставени.

Овој закон е ставен на дневен ред врз основа на член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија, а во врска со известувањето на претседателот на Република Македонија од 4 август 2008 година дека одлучил да не го потпишува указот за прогласување на овој закон.

Собранието согласно член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија повторно треба да го разгледа законот, односно само да го разгледа, бидејќи законот е донесен.

Ве известувам дека на Законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација примени се 2 амандмани од пратениците Марјанчо Николов, Цветанка Иванова, Игор Ивановски и Емилијан Станковиќ. Согласно член 165 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија амандмани можат да се поднесуваат само на предлог на закон. Во Деловникот не постои одредба од која произлегува право на пратеникот да поднесува амандмани на Закон кој е веќе донесен и ставен на повторно разгледување на седницата на Собранието согласно член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија. Со оглед на наведената одредба од Деловникот примените амандмани од пратениците Марјанчо Николов, Цветанка Иванова, Игор Ивановски и Емилијан Станковиќ не можат да се внесат во процедура и по истите да се води претрес.

Значи, ќе имаме расправа. Ништо повеќе од тоа.

Отворам претрес по законот.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по законот да се пријават за збор.

За збор по точката од дневниот ред се пријавени пратениците Макрадули Јани, Пенов Ристо, Бендевска Весна и Бучковски Владо.

Ги молам службите да достават листинг за мене и за координаторите на пратеничките групи.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени кандидати за збор, констатирам дека можеме да започнеме со расправа.

За збор се јави и има збор господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Овој закон што го имаме за експропријација е еден типичен закон кој што ја обележа или ќе ја обележи Владата на ВМРО-ДПМНЕ на кој начин ги предлага законите. А тоа е закон направен набрзина, навидум да реши една дневна потреба секогаш против европските директиви, со скриена цел. И тоа ќе го образложам.

Дневната потреба е наводно под закрила на некои уставни барања да се реши монополистичката позиција, а во суштина да се одземе системот ГАМА, а скриената намера е да се формира јавно претпријатие кое ќе стопанисува со топлинската енергија во Скопје и Македонија и тоа јавно претпријатие потоа да се продава за пренос на топлинската енергија која што гледаме достигнува енормни цени од септември кои што треба да ги плаќаме. Зошто е против Европската унија? Затоа што не постои пример да во 21 век државата влегува во експропријација или поедноставно кажано во национализација која што ќе има некоја цена. Тоа е единствената разлика меѓу национализацијата и експропријацијата, пример кој што како што и вчера наведовме постои само во Венецуела, Боливија и Зимбабве и го карактеризира почетокот на ерата на Путин во Русија. Имено, ваквиот потез на Владата за која што се уште немаме потврда или на виделина не се појави никакво писмо на одобрување од Европската комисија наиде на остри критики од Меѓународниот монетарен фонд. Да потсетам дека шефот на мисијата Марк Грифиц кога беше во Скопје на 25 и 26 август во медиумите се појави изјава дека Мегународниот монетарен фонд изразува загриженост не само за експресниот начин на донесување на Законот за експропријација и Законот за енергетика, туку и за содржината на Законот за експропријација.

Веројатно Македонија ќе биде единствената земја во Европа во која државата, после многу многу години на плурализам и на приватна сопственост загарантирана со Уставот, се решава да влеза во национализација на еден инфраструктурен објект, во овој случај поврзан со енергетскиот сектор. При тоа, реков, може да одземе имот ако системот се занимава со пренос на струја и природен гас. Ништо нема да не зачуди ако по некое време, ако ова помине така, условно кажано, политички неказнено, да се реши истото да го направи и со телекумуникациската инфраструктура, бидејќи тоа може да го третира како јавен интерес и да ги одземе телекомуникациските мрежи на некои од операторите што ги имаат поставено во Република Македонија.

Ваквиот начин на експропријација и присилно одземање на имот наиде на осуда и од невладините организации, ги загрижи странските инвестиции и отвори многу дилеми што е целта на овој закон. Реков, кога Владата на ВМРО-ДПМНЕ и на Груевски, носи некој закон, прво треба да реши една дневна потреба, а потоа да бидеме сведоци што е крајната цел. Некои медиуми тоа го отворија. Отворено е сомневањето дека целта на удар на овој закон може да биде Топлификација, може да биде нивната инсталација и може да биде нивната гасна централа која се гради.

Ние бевме сведоци дека ВМРО-ДПМНЕ преку нејзиниот енергетски експерт, господиниот Зоран Ставрески многу пати најавуваше и гасни централи, најавуваше решавање на клириншкиот долг со Русија, но сето тоа не се оствари. Тоа на 10 септември во својата колумна - енергезирање на Македонија, го напиша, напиша дека е потребно енергезирање на македонските граѓани и на Македонија, а во суштина се прави национализација слична на оној период после Втората светска војна, а во денешно време, реков, пример има само во Венецуела, Боливија и Зимбабве.

Ако се оствареше едно од ветувањата, се извинувам потпретседателке ако може да имам минимум услови за дискусија.

**Светлана Јакимовска:** Ве молам да се сослушаме.

**Јани Макрадули:** Во својата колумна уште на 10 сетевмри 2007 година господиниот Ставрески вели дека договорот со Русија за затварање на клириншкиот долг преку изградба на гасоводен систем ќе се потпише за неполн месец. Тоа беше септември 2007 година, а и пред тоа и после тоа имаше неколку неуспешни обиди за средби и за решавање на тоа. Доколку беше потпишам клириншкиот долг тогаш Република Македонија во сопственоста на ГАМА ќе беше со повеќе од 90% и тогаш не ќе имаше потреба од носење на ваков насилен закон за одземање на имот со кој, реков, многу луѓе ќе бидат загрижени, кои вложувале во Република Македонија. Дека ВМРО-ДПМНЕ сака тоа брзо да го направи, се и другите одредби од законот каде што и роковите се скратени, од 15 на 8 дена, при што тужбата до Управниот суд што потоа ќе ја даде лицето или компанијата на која и е одземен тој имот, не го одлага извршувањето на решенијата. Значи, апсолутно, еден потез карактеристичен, дали за Чавез, дали за Моралез, како сакате, кој е виден само на овие простори, ќе остави негативна последица за граѓаните, ќе остави негативна последица за бизнисот, ММФ даде сериозни забелешки, а оние што ќе не ценат во извештајот за прогресот на Република Македонија кон Европската унија, за жал не ќе можат да кажат и оваа година многу позитивен напредок во делот на енергетиката, од нас која е ставена во рацете на луѓе што немаат врска со тоа, луѓе кои сакаат да ја изманипулираат и да профитираат од енергетската политика во Република Македонија и регионот.

За жал, законот го носиме кога нема претставник на Владата, каде некој на граѓаните треба да им каже, ако државата насилно одземе имот на компанија која се занимава со дистрибуција на гас, а во овој момент единствен трговец за пренос и дистрибуција е Макпетрол, тогаш што ќе се случи ако компанијата реши да не дистрибуира повеќе гас. Значи, кој ќе ја носи одговорноста за ваквите импровизации што се прават со Законот за еспропријација.

Законот за енергетика ако е поврзан со Законот за експропријација, за жал, е доказ за неевропската политика во енергетскиот сектор, е доказ за коруптивната политика во енергетскиот сектор, е доказ за импровизации кои ќе донесат штета на Република Македонија со повисока цена на електричната енергија, со неизвесна енергетска нестабилност во зимскиот период и не дај боже државата, со негативен дел во извештајот, поврзан со енергетиката, а и со капацитетот на оваа Влада бидејќи национализациите завршија од поодамна во Европа. Се на се, еден закон кој ќе донесе штета на државата, на граѓаните, на компаниите, на странските инвестиции. Во секој случај единствено околината на господинот ставрески и премиерот изгледа можат да бидат задоволни од ваквото решеније. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Колеги пратеници, пред да му дадам збор на следниот пријавен за дискусија, би ве замолила за поголемо внимание.

Има збор господинот Ристо Пенов, повелете.

**Ристо Пенов:** Благодарам.

Ние од ЛДП не го подржуваме носењето на ваквиот закон од причина што со измените на овој закон во Република Македонија повторно на дело се враќа национализацијата.

Петнаесетина години се мачиме да ги обештетиме обесправените граѓани со законските решенија кои биле носени во 1945 и годините после тоа, а денес после 17 години самостојност, повторно посегнуваме по национализацијата и ограничувањето на правото на сопственост, или одземањето, иако со Уставот од 1991 година Република Македонија веќе базира и ја гарантира приватната сопственост и гарантира дека таа со вакви законски измени не може да биде ограничена, или како што во овој случај се предлага и одземена.

Имено, законот предвидува дека ако носителот на лиценца за дистрибуција на електрична енергија или гас ја изгуби лиценцата, лиценцата ја дава на нов провајдер и тој има право да побара да се стекне со сопственост врз мрежата дистрибутивна за електрична енергија или врз гасоводниот систем, што е нонсенс што и самиот закон за експропријација кој што овде ни го давате го оневозможува. Имено, експропријација може да се врши само заради јавен интерес

утврден со закон и еве што вели законот: "јавниот интерес утврден со Закон за експропријација е уредување, рационално користење и хуманизација на просторот и заштита и унапредување на животната средина и на природата, со изградба и изведување на работи предвидени со акти за планирање на просторот". Значи, како основ одземањето на лиценца или стекнувањето на лиценца, за да се стекне со сопственост ни самиот закон што денес го дополнуваме со амандмани, не дозволува. При тоа, законот, јавниот интерес децидно го навел во 22, 23 точки - изградба на железнички пруги, изградба на централи, на поштенски и телефонски сообраќај, на улици, на болници, итн, никаде не рекол, заради рационално користење на системот или заради добивање лиценца некој да се стекне со нечија приватна сопственост.

Исто така, законот кој денес го усвојуваме не дозволува правното лице кое ќе добие нова лиценца за дистрибуирање на гас и енергија, да се стекне со сопственост заради системите. Затоа во членот 3 законот кажал - експропријација може да се врши за три субјекти, за државата, за општините и Градот Скопје и за правни лица заради изградба на објекти и изведување на други работи од јавен интерес предвидени со членот 2. Значи лиценцата како основ некому да одземе право на сопственост, ниту во овој закон што денес го носиме, не постои и тоа ќе нанесе големи штети, доколку го спроведуваме законот така како што замислуваме. Со други зборови, носители на лиценци и на концесии се на пример и националните телевизии. И тие врша функции од јавен интерес. Што доколку одлучиме дека некоја телевизија не го спроведува јавниот интерес, не говори во интерес на Владата или некоја формална пречка ќе се најде. Даваме лиценца на друга телевизија, со тоа ќе го пренесеме и правото на камерите и на просторот што го има претходната телевизија која ја имала концесијата. Тоа е нонсенсот кој го предлагате во овој закон и кој се однесува на електричната енергија и на преносот на гас. Јасен е овде мотивот, или овие фирми да се притиснат да бидат под контрола на Владата, бидејќи лиценцата како што е предвидена, може во истиот момент да се одземе и за двата оператори.

На пример ЕВН и како што се вика АД ЕСМ не испорачува квалитетна електрична енергија до сите граѓани, мрежата не е доволно опремена, не е можно тоа брзо да се постигне и ние заради тоа можеме да и ја одземеме лиценцата. По тој основ без никакви надоместоци, до колку новиот лиценционер не се договори со ЕВН за мрежата да им ја одземеме мрежата и да ја дадеме на некој нов оператор. Тоа е национализација. Национализација денес да се спроведува ние од ЛДП не можеме да подржиме. Вие од ВМРО-ДПМНЕ и коалиционите партнери кои ја поддржуваат подржувајте национализација, иако се удирате во гради дека вие сте тие што ги обештетувате тие граѓани.

Ние сакаме да укажеме дека започнува процес на ограничување на приватната сопственост која што е темел на развојот на Република Македонија. Ова утре низ вакви закони може да се случува на сите. На пример, кабелскиот оператор во мојата улица не ни испорачува квалитетна програма, и тоа е јавен интерес, тој добил концесија, ајде да му ја одземеме или да му ја одземеме целата мрежа целата инвестиција што ја внел во тоа. Тоа не може така. За ова до колку некој се дрзне да го применува ќе плаќаме огромни штети понатаму. Но јас мислам дека тешко ќе се дрзне да го применува, но ова е политички притисок врз овие фирми кои остваруваат претпоставувам големи профити, дел од тие профити да ги делат на различни начини со владините партнери или партнери на кои ќе им укаже Владата.

Сакам да апелирам на поголема свест дека на овој начин не можеме да го растураме системот во Република Македонија. Ако отпочнеме со закони кои се носат со просто мнозинство да ограничуваме права кои се утврдени во Уставот или во закони кои се носат на поинаов начин, целиот правен систем во Република Македонија ќе го разрушиме и тоа ќе биде причина, огромна причина потенцијални странски инвеститори да бегаат од Македонија, затоа што на секоја инвестиција може да и се случи истото, да донесеме некој амандман на закон со кој ќе го измениме законот и со кој ќе утврдиме дека до колку не се однесува така и така ќе му ја одземеме сопственоста. Така започнувало и 1945 кога прво земјоделското земјиште се ограничувало на 45 ха, станбениот простор на три стана, но полека полека се ширело тоа право на државата, се стигнало до 10 хектари и до еден стан. И тогаш се мислело дека се прави добро на поширокиот дел на населението. Тоа не може да биде причина за да се одземе сопственост, тоа не смее да биде причина за да се одземе сопственост. Државата мора да бара други инструмени ако сака да има подобро снабдување со електрична енергија и со гас.

Затоа ние од ЛДП овој закон не го подржуваме. Апелираме и до другите пратеници да не стискаат копчето за подршка на овој закон затоа што на овој начин се прави огромна штета во разрушувањето на правниот систем во Република Македонија. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За збор се јави и има збор госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателке.

Со вчерашното скандалозно би рекла изгласување на Законот за енергетика, а денес дополнително засилено со Законот за експропријација, можеме конечно да заклучиме поднаслов на овој закон, особено на овој закон би бил: не инвестирајте во Македонија.

Почитувани колеги од владеачкото мнозинство, не заборавајте од средства на Буџетот на Република Македонија 20 месеци издвојуваме за Агенцијата за развој и инвестиции, па дополнително формиравме дури и Агенција за странски инвестиции, па господинот Груевски лично го предводи тимот Македонија, па издвоивме значителни буџетски средства во кампањата "Инвестирајте во Македонија", па дури и двајца министри, летечки министри ги пуштивме деноноќно да летаат низ светот, ама странски инветиции во Македонија нема. Конечно, не можете уште да се китите со туѓи пердуви и како свои странски инвестиции да ги сметате инвестициите што ги донесе Валдата предовдена од СДСМ. Претпоставувам дека за тоа со полно право ќе зборува мојот коелга Бучковски, ама во вашата преродба, надградена и проширена, ќе спомнам една алинеја и знам дека кај секој граѓанин на Република Македонија ќе предизвикам лошо негативно чувство, лоши спомени. Се сеќавате ли кога еден познат политичар во 1998 година спомнуваше една милијарда долари? Знаете каде ја одведе Македонија тоа? Е, па во вашата преродба, во вашата нова, најнова преродба пишувате и ветувате кумулативен прилив на странски инвестиции во износ, внимавајте, од две милијарди евра. Тука се себе откривате. Ова е логична психолошка грешка, бидејки не можете да говорите дека Владата инсистира за развој на странски инвестиции ако систематски го уништува развојот на енергетскиот сектор. Да не се лажеме, директни странски инвестиции како за свој предуслов мора да имаат три најважни нешта.

Прво, политичка стабилност и владеење на правото. ВМРО-ДПМНЕ континуирано и во претходниот состав и сега апсолутно ја разнебитува политичката стабилност. Владеењето на право, нема ни В и тоа апсолутно е перцепирано од страна на можните потенцијални странски инвеститори.

Втор предуслов е развиена комунална инфраструктура, ама Македонија само значително подобри скап политички маркетинг на оваа Влада. Ако дел од тие средства вложувавме за да ја подобриме комуналната инфраструктура, можеби ќе говоревме дкеа ВМРО-ДПМНЕ има сериозни намери за да вложува во економски развој на Република Македонија.

И трето и најважно, стабилна енергетска политика која на можниот странски инвеститор ќе му обезбеди достапност и сигурност во снабдувањето со енергенси, ама тоа го нема. И како ќе биде новата прола со која ги каниме странските инвеститори во Македонија - повелете инвестирајте во Македонија, струја нема, носете си струја со продолжен кабел од дома?

Инаку, добро сте напишале дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе ги дефинира можните модели за влез на приватен капитал во енергетскиот систем. Па познавате ли некој сериозен странски инвеститор кој ќе дојде да инвестира во објекти и постројки од енергетскиот систем со присуство во сила на закон кој кажувате дека Владата, до колку оцени дека е потребно, може да го експроприра тој изграден објект или систем. Кој ќе дојде?

Почитувани колеги, можеби и не сте заинтересирани за темава, ама лошо ми се пишува. Кога шефот на мисијата на ММФ Марк Грифитс имал средба со гувернерот Петар Гошев, одреди три најжешки точки, три теми на сериозни забелешки: прво, високата стапка на инфлација, второ, драматичниот пораст на трговскиот дефицит и случувањата во енергетскиот сектор. Господинот Грифитс сериозно изрази загриженост за експресното донесување на законите за енергетика и експропријација и праша зошто, побара објаснување зошто од година во година се намалува домашното производство на електрична енергија, за што се трошат огромни буџетски суми за увоз на струја, праша, цитирам: "Дали некој прави бизнис со електричната енергија продуцирајки профит за себе".

Колеги од ВМРО-ДПМНЕ ве прашувам: дали ВМРО-ДПМНЕ има партиски и лични профит бизнис интереси со увозот на струја, и дали е тоа основната причина заради која вие буквално го разнебитувате енергетскиот потенцијал на Република Македонија за производство на електрична енергија.

Загриженоста на господинот Грифитс како понатаму ќе се оди со производството на струја со оглед на тоа што Законот за енергетика го цементира монополот на ЕЛЕМ во поглед на производството, увозот и извозот на струја и најви најсериозна загриженост како може оваа држава да си го задржи правото да експроприра објекти и посторјки од енергетскиот систем, со што дирекно врши напад на правотона приватна сопственост, алфа и омега во законодавствата на демократски развиените земји.

Јас би сакал на веб страната на "Транспарентност нулта корупција" да го споделам со вас мислењето, образложението на минситерот за финансии Трајко Славески околу понудениот Закон за експропријација. Тој вели, Уставниот суд веќе донел одлука дека не може веќе да постои монополска положба во вршење на дејности во сфера на пренос на електрична енергија и природен гас, односно дека покрај јавните претпријатија во државна сопственост тоа право го имаат и други правни субјекти. И ако Уставниот суд веќе еднаш дека сериозна либерализација на било кој пазар значи обезбедување на еднакви услови на тој пазар на секој субјект, со понудениот Закон за експропријација апсолутно овозможувате монополот на ЕЛЕМ да биде дополнително зајакнат и со овие одредби на Законот за експропријација. Ниту ќе ни дојдат странски инвестиции, ниту политички ќе успееме да го фатиме возот кон учество кон сериозно наше добивање на датум за преговори за учество на

Република Македонија во рамкит ена европското семејство, ќе си останеме излоирана земја. Нам како што рече и премиерот па не ни требаат од надвор инвестиции, па дури ако не успееме да ги фатиме последните возови, ние срећно, убаво ќе си живееме сами. Господинот Груевски ветува економски развој во услови на изолација комплетна, и политичка, и енергетска претпоставувам, само времето ќе покаже дека од шарени лаги Македонија нема да застане на нозе. Напротив, секој ден се повеќе и повеќе тонеме. И овој закон ќе биде дел од Извештајот на Европската комисија, и за овој закон Македонија ќе добие образложение дека земја која дозволува поопштествување односно подржавување на објекти кои ги изградил било домашен било странски инвеститор не заслужува да биде маркирана како земја во која демократијата без проблем се развила, напротив, повторно, како што кажа еден мој колега ќе повториме, ама овој пат по трет пат. Претпоставувам дека Европа нема повеќе да не смета за сериозни партнери. Европската комисија не беше ниту информирана дека паралелно со Законот за енергетика ќе биде понуден и овој закон за експропријација и претпоставувам дека многу сериозни забелешки допрва ќе следат од Европската комисија.

Почитувани колеги, и вчера ве замолив и денес ве молам, знаете ли за што гласате, знаете ли каде води ова. На вас. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателке.

Во насока на прецизност и издржаност на нашите говори пред јавноста во Република Македонија, јас би сакал да реплицирам во делот на говорот на колешката Бендевска каде што прави нејзина анализа за нивото на странските директни инвестиции во Република Македонија, за нејзина информација, меѓутоа, пред се и за информација на граѓаните за да не бидат во овој случај намерно доведени во заблуда. Во првите пет месеци од 2008 година според податоци на Народна банка на Република Македонија, каде што директор е кадар во моментот од опозиционата опција, податоците говорат дека во првите пет месеци од оваа година имаме странски инвестиции од 23 милиони евра. Ќе потсетам дека во минатата 2007 година за цела година имавме 240 милиони евра, а тоаа година сама по себе беше најдобра година по нивото на странски инвестиции. Значи само во првите пет месеци од оваа година веќе е достигнато нивото од 230 милиони евра. Таа прогресија ако продолжи во таа насока, ќе ги видиме резултатите и на крајот на годината ќе имаме можност да разговараме.

Во делот на вашата забелешка за инвестиции во комуналната инфраструктура, ќе ве потсетам дека 15 години во Република Македонија скоро ништо не беше направено во тој сегмент. Ќе ве потсетам на неколку проекти на Владата на Република Македонија. Прво, проектот со Светска банка за изградба на локални патишта кој веќе е на самиот почеток од директна реализација во соработка со сите општини во Република Македонија. Значи Република Македонија се задолжи со 70 милиони за изградба на локалната патна инфраструктура во сите општини во Република Македонија.

Да ве потсетам на втор проект госпоѓо Бендевска, а тоа е задолжувањето исто така кај Светска банка за изградба на водоводни и канализациони мрежи во селските населени места, работа која што за жал 60-тина години не била направена во Република Македонија.

И третиот проект, чиј почеток е добар и е за поздравување е проектот за давање под концесии на седум големи патни правци во Република Македонија, патни правци кои беа ветувани во многу наврати, дел од нив и симболично 1994 година се сеќавам од страна на претставници на вашата партија беа започнати со по еден до два километри, на повидок за пројавување на интерес се пријавија 48 светски конзорцијуми, инвестициски фондови од цел свет.

Се радувам искрено на вашата тактика да се надевате на ваш успех врз база на желбата на наш неуспех. Додека така функционирате како партија никогаш нема да успеете. Благодарам.

**Светлана Јакимовска**: Благодарам и јас.

За контра реплика се пријави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Ниту јас ниту вие колега Димовски можеме да си го присвојуваме успехот или неуспехот на Република Македонија, ама и јас и вие и секој граѓанин на Република Македонија подеднакво може да трпи или да доживува економски развој или сите да пропаѓаме.

Колега, ве молам, како контра реплика кажете ми име на една гринфилд инвестиција што Владата на ВМРО-ДПМНЕ ја доведе во Македонија. Можам само еден податок да споделам со вас. Ако износот во првото тромесечје на странските инвестиции во Република Македонија изнесуваше 100 милиони евра, токму толку изнесуваше и увозот на електрична енергија, 100 милиони евра. Играте играчки со економскиот развој на Република Македонија. Лага е дека ќе сте ги зголемувале проектите од областа на јавно приватно партнерство, оти пративте многу поинаква порака пред извесно време. Лага е дека ќе донесете 2 милијарди евра инвестиции, со оглед на тоа што годишно не достигнувате 200 милиони евра инвестиции. Но едно е вистина, ќе сте потрошеле сериозни буџетски средства за економска промоција и во тоа знам и убедена сум дека тоа ќе го правите. Всушност и само тоа го правите, благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За збор се јави господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателке, почитувани колеги пратеници,

Пред нас е едно законско решение кое е против уставно, кое се темели на желбата на поединци во Владата пред се на претседателот на Владата и на потпретседателот на Владата да воведат еден нов принцип кој е спротивен на темелните начела на нашиот Устав кој почива на тоа дека приватната сопственост е света, дека приватната сопственост, претприемаштвото, логиката која ги придвижува сите пазарни економии се загрозува со носењето на законското решение кое е насочено пред се кон еден од најголемите странски инвеститори, а тоа е ЕВН и кон две од петте или десетте најуспешни компании во Република Македонија, тоа се Макпетрол и АД Топлификација.

Целта е преку промовирањето на вакво законско решение, според мене, да се тестира и лојалноста на колегите од ДУИ, новите коалициони партнери на ВМРО ДПМНЕ. Ако ДУИ може ова да го проголта имајќи во предвид дека решението е од претходната Влада, од министерот за финансии кој, почитувана потпретседателке, не знам зошто не е тука. Нема логика, согласно Деловникот, согласно досегашната практика кога се расправа за сериозни законски решенија, па дури и за безвезни законски решенија, предлагачот да не биде тука. Ако нема амандманска расправа не е узурпирано или суспендирано правото предлагачот до завршувањето на расправата да го повлече законскиот проект. Овој законски проект мораше да биде повлечен ако ДУИ наместо себично да гледа, да седне во 4 или 5 министерски фотељи гледаше дел од неговата изборна програма каде за прв пат говореше за економијата и говореше за инвестиции од милијарда евра во секторот енергетика.

На овој начин, почитувани колеги нема никој да инвестира во енергетиката. Нема да инвестира затоа што постои тенденција ВМРО ДПМНЕ со овие решенија, пред се, да изврши притисок, да изврши рекет на ЕВН, на Топлификација и на Макпетрол со заканата дека во секој момент ако не се послушни ќе го примени новото законско решение, ќе прогласи некоја постројка од јавен интерес, да речеме најврeдната Топлификација, таа што се гради Гасната централа ТЕ-ТО од двесте и кусур милиони евра. Замислените двеста и кусур милиони евра за ВМРО-ската Влада. Немаат гринфилд инвестиции и ја загрозуваат единствената гринфилд инвестиција која е приватна. Колегата Димовски сака да говори за двеста милиони евра во првите пет месеци,а не кажува дека нема ниту мла удел на ВМРО-ската Влада во тие двесте милиони. Сите се од старата Влада на СДСМ, ДУИ и ЛДП.

Затоа се чудам како колегите од ДУИ седат и мирно гледаат, а министерот за економија кој беше министер и во мојата Влада знам дека се залагаше за чисти принципи дека во енергетиката ќе дојдат не една милијарда, ќе дојдата 5 милијарди долари - 3 милијарди евра ако имаме чисти сметки, а не на овој начин да ставаме простор заради ситни лукративни интереси, фамилијарни интереси да биде рушен имиџот на Република Македонија.

Почитувани колеги од ВМРО ДПМНЕ не може Република Македонија да има сериозни инвестиции ако ги затвориме можностите во енергетиката да има сериозни со стотици милиони евра инвестиции, не може да го негуваме духот на претприемаштвото ако постојано го притискаме Макпетрол, Топлификацијата денес, утре некој друг затоа што ќе измислиме и нов јавен интерес. Се согласувам со колегата Пенов е надвор од здравата логиката, во ниту еден правен систем освен ви системите што ги промовираат Чавез и Моралес енергетиката не е од јавен интерес. Инфраструктурата која е за општо добро на сите, а не овој сегмент каде е најподатлив за странски инвестиции. Очигледно кај колегите од ВМРО ДПМНЕ ништо не допира, но кај колегите од ДУИ сериозно треба да биде отворена дилемата која е цената да бидат дел од ВМРО-ската Влада. Дали е сето ова една голема лага и дека сето она што го говореа колегите од ДУИ кога седеа од другата страна беше само за дневно политичка употреба. Вие ги заборавивте силните ветувања, посебно силните проекти кои беа суспендирани од ВМРО-ската Влада. Тоа е милијарда долари инвестиција во ТЕЦ Неготино за да биде шпекулативно и коруптивно продадена на некоја бугарска фамилија која е блиска со нашата фамилија. Сето тоа го заборавивте, но трагите остануваат и ние секогаш ќе ве потсетуваме дека сето ова што го прави Владата во која е ДУИ е спротивно на стратешките интереси на Република Македонија. значи Република Македонија не ќе може да преживее ако не стартува процесот на Гасификација. Ако конечно дел од клириншкиот долг не се реализира со конкретни инвестиции, но конкретни инвестиции во интерес на државата а не во интерес на дел од фамилијата која ја предводи ВМРО ДПМНЕ.

Почитувани колеги, ние денес ќе дискутираме уште кусо за ова законско решение, но знајте дека ова ќе ви се врати на сите вас како бумеранг. Ова е сериозно прекршување на принципот за кој говориме постојано, а тоа е дека го рушите еден од темелните вредности на кои почива Уставот на Република Македонија, а тоа е приватната сопственост. Не може да правите кампањи од 8 или 10 милиони евра за инвестирање во Република Македонија ако секојдневно ги менувате законските решенија. Една од главните причини зошто нема сериозни инвестиции во Република Македонија во сите анализи е тоа што нема правна сигурност. Вие на овој начин демонстрирате подготвеност и во иднина секогаш да ја загрозувате приватната сопственост, секогаш да ги загрозувате интересите на странските инвеститори и секогаш

да имате инструменти за дополнителен притисок на успешните домашни компании. ќе го притискате АД Топлификација за да не дојде реално до зголемување на топлинската енергија, ќе го притискате Макпетрол со проектот ГА-МА не чекајќи го судското решение со тоа што ќе донесете одлука на Владата, веќе за 8 дена ќе можете да направите дека е од јавен интерес на Република Македонија главниот цевковод кој ја поврзува нашата држава со гасот кој доаѓа од ГАС-ПРОМ да биде во државна сопственост и ќе нема инструмент за заштита.

Во членот 8 ид Уставот се вели дека една од темелните вредности на Уставот на Република Македонија е и правната заштита на сопственоста. Со вакви измени во правото, во основното законско решение како ќе овозможите некој да ја оствари заштитата на своето право кое тврдиме дека е свето.

Или втората варијанта ќе ја реализирате заканата кон ЕВН дека ако ЕВН и понатаму не игра по нотите на ВМРО-ската Влада, туку според економската логика ќе потегнете под инструментот да купите дел од постројките кои му требаат на ЕЛЕМ затоа што еднаш или два пати тоа не беше циничен коментар на претседателот на Владата, туку беше директна закана дека Владата е подготвена да ги врати парите кои ги инвестирал ЕВН и повторно да си го земе старото ЕСМ под државна сопственост.

Почитувани колеги, нема земја од Југоисточна Европа која не ги црпи можностите од енергетскиот сектор да го направи економскиот развој. Џабе се сите приказни дека имаме успешна приказна, дека имаме економски развој, дека имаме 200 милиони евра странски инвестиции кога немаме ниту една инвестиција во енергетиката дури јас одговорно тврдам со ваквите законски решенија загрозена е инвестицијата во Чебрен и Галиште која требаше да биде поле милијарда евра затоа што кој е тој будала што ќе инвестира во Република Македонија ако утре на првиот или вториот човек на Владата му испадне интересно да стави рака и на таа постројка, и на тој објект и да прогласи дека е тоа од јавен интерес.

Затоа почитувани колеги пред се ви се обраќам на вас од ДУИ затоа што е време да се разбудите. Овој законски проект е штетен за Република Македонија, штетен е за сето она што ние во изминатите години кога бевме заедно во Владата го промовиравме како заеднички интерес на Република Македонија. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор констатирам дека претресот по законот е завршен.

Пред да го ставам законот на гласање ги молам колегите кои што се надвор од салата да влезат во салата.

Законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласале.

Вкупно гласале 82 пратеника, за гласаа 61 пратеник, од гласањето не се воздржа никој, против е 21 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација.

Процедурално госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Согласно член 97 о д Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, со оглед на бројот, на односот на гласањето барам да се изврши поименично гласање заради утврдување на резултатот од гласањето и во исто време додека одлучиме да ја примениме оваа одредба од Деловникот, барам согласно одредбите од Деловникот да се затворат вратите на оваа сала заради утврдување на точниот резултат од гласањето.

**Светлана Јакимовска:** Повелете процедурално господин Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Почитуван потпретседател, почитувани колеги,

Сметам дека барањето на координаторот на пратаничката група на СДСМ не е во согласност со Деловникот затоа што потребното мнозинство за изгласување и на овој закон кој што го гласаме заради тоа што претседателот на Републиката не потпишал указ е исто како и за секој друг закон значи 41 глас со таа разлика што е потребно 61 глас за да мора да го потпише. Ако на второто гласање добие помалку од 61 глас законот се смета за донесен, меѓутоа обврската на Претседателот не е облигаторна да го потпише законот. Значи, не постои можност за барање за поединечно гласање, бидејќи нема помалку од 5 пратеници разлика до потребното мнозинство. Потребното мнозинство за донесување на било кој закон е 41. 61 глас се потребни за да задолжително Претседателот на државата мора да го потпише указот. Во случај да има помалку од 61 глас законот се смета за донесен, меѓутоа нема облигаторна обврска Претседателот на државата да го потпише указот. Тоа е така во Деловникот и ве молам да се однесуваме по него инаку не е проблем само ќе биде повторно губење време и повторно блокирање од страна на опозицијата и влечкање на седницата. Благодарам .

**Светлана Јакимовска:** Госпоѓа Цветанка Иванова бара процедурално.

**Цветанка Иванова:** Потпретседателке, точно заради тоа, бидејќи навистина апсурдна е целата ситуација еве и сега го толкувате Деловникот како сакате. Во случај кога по втор пат имаме расправа во Собранието по закони на кои Претседателот на државата ставил вето мнозинството со кое се донесуваат овие законо е 50% од вкупниот број на пратеници. тоа го пишува во членот 75 став 2 од Уставот на Република Македонија значи ова не е деловничка

одредба, а бидејќи Уставот е повисок акт и сите закони и подзаконски акти кои се донесуваат треба да бидат согласни со Уставот доколку Деловникот не ни е во согласност со Уставот или доколку Деловникот е недоречен, тогаш ќе си го примените Уставот, членот 75 став 3 од Уставот гласи: Претседателот на Републиката може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот, Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници ( реакција од страна на пратениците од позицијата)

Што правиме сега? Госпоѓо потпретседателке јас мислам дека треба да ја водите седницата..

**Светлана Јакимовска:** Колеги, ве молам за тишина. Дозволете на колешката Цветанка Иванова да се доискаже.

**Цветанка Иванова:** Госпоѓо потпретседателке барам да си го почитувате Уставот барем сега кога е очигледно прекршен. Не дозволувајте од позицијата која ви ја даваат граѓаните да го кршите највисокиот акт на државата.

Во моментот на гласање на телопот се појавија 61 пратеник исполнети се условите за поименично гласање. Реагирам, на моето барање да се затворат вратите, не постапивте согласно Деловникот и Уставот и во моментот откако јас го дадов предлогот влегоа четворица пратеници на ДУИ, а сега не знам уште колку . Затоа ви се молам уште еднаш водете сметка затоа што пред се и над се треба да ги почитуваме прво Уставот, а потоа законите особено вие од вашата позиција.

Затоа барам да се отстранат луѓето кои после мојот предлог влегоа во Собранието и да пристапиме кон поименично гласање за да го утврдиме резултатот од гласањето, во спротивно ќе сметаме дека не е донесен овој закон.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам госпоѓа Иванова.

Процедурално бара господинот Илија Китановски, повелете.

**Илија Китановски:** Уште еднаш ќе повторам дека условите за поименично гласање не се исполнети, бидејќи за донесување закон во било која постапка дури и во оваа во трето читање се потребни 41 глас.

Значи, уште еден доказ за тоа вие донесениот Закон за заштита од пушење кој по втор пат го донесе Собранието, првиот пат Претседателот на државата не го потпиша, тој закон е донесен со 59 гласови за, не со 61 и сосема нормално е потпишан указ од страна на Претседателот и тој Закон е во сила. Еве ви сега конкретен пример и сето тоа е во согласност со Деловникот.

Значи, она што колешката Цветанка Иванова го интерпретираше е нејзина интерпретација на многу јасен член. Претседателот на државата е должен да го потпише Законот по втор пат донесен ако за него гласале 61 пратеник. Значи, 61 пратеник ако гласале за тој Закон тој е должен да го потпише, ако не го гласале по втор пат 61 пратеник за тој Закон, тогаш повторно не е должен да го потпише. Тоа е поентата на тој член од Деловникот. И ќе повторам уште еднаш, значи не се работи за тоа дали во салата биле присутни 61, беа повеќе од 64 пратеници присутни и Законот и поименично ќе биде донесен, туку се работи за децидно и стриктно почитување на Деловникот и не можеме на овој начин со викање и со скокање од место да водиме седница и да се однесуваме парламентарно.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

(Галама во салата)

Ве молам за тишина.

Ве молам за тишина. Ве молам да не зема никој збор од место додека не му е даден збор.

Ве молам за тишина.

Госпоѓа Иванова, процедурално барате, повелете.

Повелете госпоѓа Иванова.

**Цветанка Иванова:** Може ли збор да добијам?

**Светлана Јакимовска:** Да, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Значи од вчера дебатираме дали работи Собранието согласно Уставот и Деловникот.

Кога ви одговара го толкувате Уставот, кога ви одговара постапувате по Деловникот. И еве ви денеска апсурден случај. Кога ви го читав вчера членот 75 од Уставот на Република Македонија не сакавте да ме слушате, ама сега ќе морате затоа што си создадовте таква ситуација.

Членот 75 од Уставот на Република Македонија го утврдува начинот на постапување со законите во Собранието на Република Македонија во случај кога претседателот не потпишал указ за нивно прогласување. И ставот 3 вели: “претседателот на Република Македонија може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот”. Тоа го направил претседателот, “Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници, претседателот е должен да го потпише”. Ама немаме процедура што е во постапката кога не е должен. Бидејќи имавме резултат од гласањето 61 пратеник, се сомневаме дека во моментот на гласањето беа присутни 61 пратеник кои гласаа за. Затоа реагирам. И според Уставот и според Деловникот каде се исполнети услови за пет плус, или минус пратеници за донесување на законот и по стариот Деловник е истото правило и по новиот Деловник е истото правило. Барам да се пристапи кон поименично гласање и тоа право го имаме и по стариот Деловник и по новиот Деловник, бидејќи имаме 61 пратеник. Значи, пет минус, или плус за донесување на законот. Затоа ви кажав и побарав веднаш согласно Деловникот да ги затворите вратите на салата за да не влегуваат. Тоа е согласно Деловникот, да не

влегуваат пратеници. Влегоа 4 пратеници од ДУИ, дополнително и не знам уште колку и господиниот Стојменов. Нема од што да се плашите. Не кршете го Уставот. Постапете според Уставот и Деловникот. Бараме поединечно гласање, бараме да ги отстраните сите пратеници кои што влегоа, по мојот предлог и бараме листинг на присутни пратеници во моментов.

**Игор Ивановски:** Господинот Борис Стојменов гласал за, а не беше присутен во салата.

**Светлана Јакимовска:** Пауза десет минути.

(Пауза од 12,30 часот)

(По паузата седницата продолжи во 12,45 часот)

**Светлана Јакимовска:** Ги молам пратениците да седнат на своите места да продолжиме со работа.

Процедурално, господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателке.

Мислам дека непотребно дозволивте во Собранието да се вжешти расправата по однос на примената на членовите од Деловникот. Имавме легитимно барање од координаторката на нашата пратеничка група согласно Деловникот членот 60. Вие требаше да дадете одговор на нејзиното барање и да го уважите, или да го одбиете, да не дозволите да реагираат другите колеги пратеници, или евентуално да чекате да добиете став како вашата пратеничка група ќе ви нареди да постапите. Сметаме дека барањето е легитимно и е согласно и со Уставот и со законите на Република Македонија. Значи, во Уставот јасно стои во членот 75 ставот 2 дека доколку претседателот го врати законот, тој се донесува при повторното гласање со мнозинство од вкупниот број пратеници, тоа е 61. Вие ги имавте на гласањето тие 61, иако е сомнително за нас, бидејќи имаше пратеници кои што листингот ги дава дека гласале, а не биле присутни во салата. Тоа може да се утврди со снимка, но вие тоа нема никогаш да го прифатите за да докажеме дека сме во право. Според Деловникот членот 97 имаме право кога е разликата 5 гласа повеќе, или помалку од потребното мнозинство, да побараме поединечно гласање. Имаме подршка од десет пратеници и вие сте должни тоа да го направите, а не да чекате што ќе ви каже вашата пратеничка група, или не знам, некој друг. Тоа што колегите пратеници тумачат дека се носи закон со 41 глас за, тоа се однесува за Предлог на закон. И ние тоа не го спориме. Но, Уставот е јасен и вие сте должни да постапите според барањето на нашиот координатор. Во спротивно ќе сметаме дека не сакате да има демократија во Собранието на Република Македонија, дека работите против Уставот и Деловникот. И на крајот на краиштата не знам зошто се плашите од поединечното гласање. Имате 81 пратеник и должни сте тоа да го направите.

**Светлана Јакимовска:**

**Минуваме на точка 19 - Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи**

Законот и дописот на претседателот на Република Македонија со кој известува дека не го потпишува указот за прогласување на законот ви се доставени.

Овој закон е ставен на дневен ред врз основа на член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија, а во врска со известувањето на претседателот на Република Македонија од 4 август 2008 година дека одлучил да не го потпишува указот за прогласување на овој закон.

Собранието согласно член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија повторно треба да го разгледа законот, односно само да го разгледа, бидејќи законот е донесен.

Ве известувам дека на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи примени се 48 амандмани од пратениците: Игор Ивановски, Марјанчо Николов, Цветанка Иванова и Емилијан Станковиќ.

Согласно член 165 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија амандмани можат да се поднесуваат само на Предлог на закон. Во Деловникот не постои одредба од која произлегува право на пратеникот да поднесува амандмани на Закон кој е веќе донесен и ставен на повторно разгледување на седница на Собранието согласно член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија. Со оглед на наведената одредба од Деловникот примените амандмани од пратениците Игор Ивановски, Марјанчо Николов, Цветанка Иванова и Емилијан Станковиќ не можат да се внесат во процедура и по истите да се води претрес.

Значи, ќе имаме расправа, ништо повеќе од тоа.

Процедурално господиниот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Потпретседателке,

значи уште еднаш ве молам да дадете толкување на нашето барање согласно Деловникот.

И второ, не констатиравте во однос на претходната точка како заврши гласањето. Тоа сте должни да го направите. Немојте понатаму да навлегувате во кршење на Деловникот.

**Светлана Јакимовска:** Можете да проверите во стенографските белешки, констатирано е гласањето и кажани се бројките и дека Законот е донесен. Проверете, тоа е така.

Она што вие барате повторно да ви одговорам, јас поминав на друга точка од дневниот ред и продолжуваме по неа.

Процедурално госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Госпоѓо потпретседател.

Значи, пола демократија, или цела демократија е процедурата во една држава. Ако се почитуваат правилата на игра, ако се почитува процедурата тоа значи дека демократски се однесуваме.

Мислам дека нема потреба од ваквото прекутно пребегнување од точка на точка и не гледање на фактите и аргументите и на решенијата од Уставот и од Деловникот, или гледање со затворени очи, или толкување онака како што сакаме. Денеска уште еднаш покажавте дека ја гушите демократијата, не почитувате ништо ни Устав, ни Деловник, ако наумите нешто да правите или ако наумите да донесете некој закон. Ние уште еднаш реагираме, почитувајте го Уставот, дозволете поединечно гласање согласно Деловникот, дозволете да се донесе законот во легална процедура за да може после претседателот на државата согласно Уставот и да го потпише указот на овој закон.

**Светлана Јакимовска:** Јас би побарала од службите колегите пратеници што се пријавени да се исклучат, бидејќи сеуште не сум повикала за пријавување за расправа по законот.

Отворам претрес по законот.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по законот да се пријават за збор.

Госпоѓата Весна Бендевска е пријавена за збор.

Јас не гледам дека е тука.

Господинот Горан Минчев, не е тука, пријавен е за збор. Ве молам да се исклучи.

За збор се пријавени господинот Горан Мисовски, Андреј Жерновски, Соња Мираковска, Ѓорѓи Оровчанец, Маринела Тушева, Марјанчо Николов, Славица Грковска-Лошкова, Цветанка Иванова, Роза Топузова Каревска, Менде Диневски, Тито Петковски, Горан Сугарески, Никола Ќуркчиев, Владо Бучковски, Емилијан Станковиќ, Ратко Димитровски и Радмила Шекеринска.

Ве молам да се достави листинг до мене и за координаторите на пратеничките групи.

Процедурално господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Само кратко. Потпретседателке би замолил за оваа точка од дневниот ред да обезбедите присуство на претставник од Владата, дали министерот за труд и социјална политика, неговиот заменик, или некој од потпретседателите на Владата, бидејќи целата расправа во Собранието по однос на овие закони досега течеше без учество на оние кои што се подносители и на луѓето кои што ги подржуваат законите. Бидејќи со овој закон на некој начин се засегнуваат интересите на најголема категорија на граѓани на Република Македонија, ценам дека треба да има претставник на предлагачот во најмала рака да ни објасни зошто предложил вакви одредби во Законот за работни односи. И барам да обезедите присуство на претставник на Владата.

Второ, би сакал, бидејќи премиерот во една своја изјава рече дека измените на законот се направени согласно препораките од Светска банка, тие препораки да ги добиеме и ние како пратеници. Сметам дека имаме право на тоа како би можеле да видиме дали е тоа точно, или е искажано само како оправдување. Би сакал тоа на писмено да го побарате.

**Светлана Јакимовска:** Јас мислам уште вчера се договоривме при носење на законот, оној што исто така беше вратен, односно непотпишан указот за негово прегласување од страна на претседателот, а се однесува и за останатите 5 закони, дека ова не се работи за Предлог на закон и предлагач потребен за присутен. Од таа причина истото важи и за овој и за останатите 4 закони.

Има збор господинот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Почитувана госпоѓо потпретседател на Собранието, почитувани колеги пратеници, за жал немаме претставник од Владата и него да го испочитуваме на оваа седница на Собранието. Ова ми е прво обраќање откако се вративме во Собранието и навистина ми е задоволство што конечно пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се разбуди. Но, ме изненадува што пратеничката група на ДУИ постојано молчи.

На денешната седница расправаме по Законот за работни односи т.е. изменувањата и дополнувањата на Законот за работни односи кој што беше донесен по итна постапка без да се исполнат условите од Деловникот, или како што сега вие го третирате, некакво си трето читање без можност и право за подобрување на текстот преку амандмани. Која е смислата на една демократија да не можете да го подобрите законот согласно Деловникот со амандмани. Едноставно ни оставате можност само да дебатираме без можност законот да биде согласно Деловникот подобрен преку една амандманска расправа. Уште повеќе што овој закон е донесен на мала врата без претходно да заседава Економско-социјалниот совет, без да помине Предлогот на законот во матичната комисија во Собранието, а особено без да биде побарано било какво мислење од Синдикатот како легитимен претставник на работниците во Република Македонија. Со ваквата постапка на ВМРО-ДПМНЕ премиерот на мала врата дава црвен картон или шут карта на Сојузот на синдикатите на Република Македонија како социјален партнер во економско-социјалниот совет. Крајно е непрофесионално и спротивно на ветувањето што ги даваше Никола Груевски во предизборието. Социјалниот партнер на Владата Сојузот на синдикатите за измените во Законот за работни односи да дознава од пишаните медиуми без да се има и малку чувство дека се работи за огромна популација и бројка на засегнати вработени луѓе, или ако сакате и гласачи кои што мнозинството од нив го дадоа гласот за ВМРО-ДПМНЕ. И еве сега на ваков начин со вака предложените измени во Законот за работни односи ВМРО-ДПМНЕ им се заблагодарува на сите работници кои што го дадоа гласот за ВМРО-ДПМНЕ. Со вака предложените измени во Законот за работни односи драстично се намалуваат правата на вработените т.е. на работниците. Работниците

се оставаат на милост и немилост на работодавците, или на газдите што е во спротивност со меѓународните конвенции и директиви на Европската унија. Сите влади во демократските држави особено оние во Европа за каде што можеби оваа Влада се стреми, т.е. оваа преродбеничка Влада се стреми се обидуваат сите прашања кои се од интерес на работниците да ги усогласуваат и договараат со синдикатите, како би се избегнала можноста за незадоволство кај работниците. Незадоволен работник значи и непродуктивен работник. А отворена војна со синдикатот и демонстрација на моќ води кон нестабилност и безредие. Имам чувство колеги пратеници дека после Букурешт многу работи не ни одат во наша полза. Па сега во најчувствителните моменти кога се бориме, или мислиме дека се бориме за евроатланскиот пат на Република Македонија, Владата со измените во Законот за работни односи дополнително ги комплицира состојбите во државата, иритирајќи го синдикатот и играјќи се со правата на работниците. Можеби тоа е составен дел од Преродбата во сто чекори.

Госпоѓо потпретседател во вчерашната процедурална расправа претседателот на Собранието не ни одговори на најсуштественото прашање. Го толкуваше членот 75 од Уставот, членот 179 од стариот Деловник, членот 174 од новиот Деловник, но дефинитивно не ни одговори на едно најсуштествено прашање. По кој член од Деловникот ВМРО-ДПМНЕ, или претставен од Трајко Вељаноски како претседател на Собрание седнаа со претседателот на државата и се договорија кои закони ќе бидат вратени во некакво си трето читање, имајќи ја во предвид изјавата и на портпаролот на ВМРО-ДПМНЕ и на претседателот на Собранието, а особено во сеќавање ни остана изјавата, спектакуларната прес-конференција и изјавата на колегата Илија Димовски кога претседателот на државата беше обвинет дека законите за кои што дел од нив дебатираме и на оваа седница се донесени два пати по процедура која што ја предвидува Деловникот. И сега ве молам, можеби вие во име на претседателот на Собранието ќе ни кажете кој го овласти за тоа претседателот на Собранието да се договара со претседателот на државата и токму овие пет закони да бидат вратени назад. Дали можеби вежбавте компромис кај претседателот на државата, не знам, но, таков одговор не добивме.

И кога веќе се договоривте, ќе говорам конкретно за Законот за измените и дополнувањата на Законот за работни односи. Кога веќе се договоривте, сметам дека ќе беше најдобро да се повикате на членот 145 тоа беше должност и на ВМРО-ДПМНЕ, но и на претседателот на Собранието, да се повика на членот 145 и барем овој закон да го вратите во прва фаза, или Предлог за донесување на закон. Ќе го цитирам членот 145 од новиот Деловник. "Со предлогот на закон кој е од поширок интерес Собранието по општата расправа може да одлучи по тој закон да се спроведе јавна дискусија и да определи матично работно тело што ќе ја организира јавната дискусија". Понатаму, членот 146, се грижи предлогот на законот да се објави за да им биде достапен на граѓаните, јавните уставнови, институциите, здруженијата на граѓаните, политичките партии, синдикатите, потенцирам и синдикатите и други заинтересирани субјекти, или понатаму во членот 147, со предлогот на законот се објавува и повик за доставување мислење и предлози и се определува рок во кој тие можат да достават сопствено мислење.

Со Предлогот на законот се објавува и повик за доставување на мислење и предлози и се определува рок во кој тие можат да достават сопствено мислење. Тоа е права демократска процедура, особено за ваков закон што сметам дека навистина е од широк интерес за Република Македонија. Тоа не го направивте.

Со оглед на ограничувањето на времето за дискусија, ќе се обидам да искоментирам дел од измените во Законот за работни односи, кои директно ги намалуваат правата на работниците, по мерка на 100-те чекорина преродбата.

Прво, исклучување на обврската, Агенцијата за вработување, Фондот за ПИОМ и Фондот за здравствено осигурување, на работникот задолжително да му достават примерок од М-1, М-2 т.е. пријавата и одјавата за социјално осигурување. Со оваа измена работникот воопшто нема да има увид во тоа дали работодавачот ги уплатил потребните средства за социјално осигурување согласно Законот. Се укинува нешто што за работникот претставуваше начин на контрола и сопствена евиденција.

Со бришењето на членовите 253, 254 и 255, работникот останува без доказ за тоа каде и колку работел, колку бенифицирани права остварил кај работодавачот, колку изнесува неговиот стаж, кои се мотивите на Валдата да се избегне контрола од страна на работниците, навистина не ми е познато.

Второ, исклучување на работната книшка и воведување на електронска евиденција во рок од два месеци.

Бидејќи ми е многу добро познат кадровскиот потенцијал и раководниот тим во Агенцијата за вработување, убеден сум дека овој рок ќе биде продолжен за многу повеќе од 6 месеци, со што за работниците ќе се создадат административни проблеми, ќе не можат да обезбедат документи потребни за остварување на право за пензија, за паричен надоместок и за здравствено осигурување. Ако работникот нема работна книшка практично останува без евиденција, т.е. евиденцијата ќе биде еднострана, кај државните органи и кај работодавачот. Тоа може да предизвика зголемување на административните постапки, зголемување на управните спорови и зголемување на судските постапки.

Она од што јас се плашам е замена на работничките книшки со други црвени книшки кои ќе се третираат како партиско - државни, со кои

на одредени работници ќе им се дадат некакви посебни права.

Трето, годишнио тодмор се сведува на 20 дена, наместо досегашното решение, од 20 до 26 дена, се заменува на 20, со добрата волја на работодавачот, дали на некој работник ќе му дозволи да има и повеќе од 20 дена одмор. Се овозможува на работникот неограничено да работи во трета смена, се дава, исто така, можност работодавачот да го ускрати правото на годишен одмор.

И на крајот, почитувана потпретседателке, ќе ми дозволите уште десетина секунди.

Почитувани пратеници, предложените измени во Законот за работни односи се слоши. Тие се спротивни на правата на работниците, тие се спротивни на предизборните ветувања кои ги даде ВМРО-ДПМНЕ и премиерот Груевски. Носење на закон што директно ги погодува правата на работниците, без претходен дијалог со социјалниот партнер, Сојузот на синдикатите, без право на амандманска расправа, сметам дека тоа е грубо кршење на демократијата, на Деловникот и Уставот. Од тие причини претставниците на НСДП во ова Собрание нема да ги подржат овие предложени измени во Законот за работни односи. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За збор е пријавен господинот Андрј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам почитувана потпретседателке.

Дозволете ми на почетокот да го искажам моето изненадување што и за овој закон, како и за претходните, пратениците на ВМРО-ДПМНЕ не чувствуваат потреба да дискутираат, не чувствуваат потреба да реплицираат и мене ме чуди кога тоа ќе се случи. Кога не бевме тука не дискутираа, сега кога сме тука не дискутираат и сега прашањето е кога ќе дискутираат.

Еден пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, на изборот на Владата, најновата, проширена и надградена, изјави дека било непопуларно и штетно за демократијата, да се дискутира во Парламент кога другата страна не зборува. Ова е уште пострашно. Тогаш другата страна, опозицијата, не беше присутна. Сега е присутна, па власта не дискутира. Тоа е уште поштетно за демократијата.

Ако сите вие, како Влада и како парламентарно мнозинство Што ја подржувате Владата, сте толку сигурни во квалитетот на овој закон, виетребало не да дискутирате, туку громогласно да го браните. Јас сум изненаден, но, се разбира тоа е ваша стратегија.

Дозвоелте ми да го кажам ставот на пратениците на ЛДП, зошто нема да ги подржиме овие измени.

Нема да ги подржиме овие измени затоа што нема никаква дилема дека измените во Законот за работни односи се крајно неповолни за работниците и дека неговото повторно изгласување, тоа ќе се случи очигледно, со или без 61, не е битно, ќе бидат важно притиснати 61 копче за. Овие промени ќе предизвикаат револт и негодување кај работниците.

Откако на премиерот Груевски му стана сосема јасно дека нема ама баш ништо од економската преродба и дека напротив во неговиот мандат се повеќе осиромашуваат граѓаните, инфлацијата расте, цените растат, сметките растат, нови работни места нема, тогаш јас сум сигурен дека тој ќе оди на единствената тактика Што му остана во арсеналот што му е на располагање и која што, морам да признам, успешно беше лансирана во изминатите две години, а особено во текот на кампањата. Таа стратегија гласи, вработувај членови на ВМРО-ДПМНЕ секаде каде што ќе стигнеш, па со тие гласови ќе одиме после на избори и ќе видиме за 2 или 4 години до каде ќе стигнеме. Тоа е, почитувани дами и господа, основната причина зошто ВМРО-ДПМНЕ односно зошто Груевски го предлага овој закон. Затоа се прават и се направија сите обиди овој закон да биде донесен скришно, да биде донесен во петок попладне, односно во петок навечер, без присуство на опозицијата, без дискусии од страна на парламентарното мнозинство, или просто кажано далеку од очите на јавноста, токму тогаш кога беа отсутни новинарите. Новинарите од електорнските медиуми немаа време вечерта да ја пренесат главната вест дека еден од овие 5 закони се ставени без никаква најава и се разбира затоа што печатените медиуми не можат да го објават тоа во сабота навечер, во недела нели не излегуваат изданијата. Оттаму се поставува прашањето каде е толку фалената транспарентност што премиерот Груевски ја кажува буквално секој ден на Телевизија, затоа што повеќе од јасно е дека кога се носат вакви закони, мора претходно да се има широка јавна расправа и се разбира широка подршка.

Премиерот Груевски до денес не одговори зошто сакаше овој закон да не биде разгледуван од страна на Синдикатите од страна на Економско социјалниот совет и по никоја цена да не биде разгледуван во Матичната собраниска Комисија за труд и социјална политика.

За сите оние кои велат дека Македонија граба кон Европа, откако Груевски е премиер сакам да потенцирам дека социјалниот дијалог е еден од основните критериуми за приближување на Македонија кон Европската унија. Овде не видовме ама баш никаков социјален дијалог.

На актуелниот премиер му е полна устата дека работи многу потранспарентно од претходната Влада. Ајде со овој пример да видиме дали е тоа така.

Кога во 2005 година се носеше Законот за работни односи, прво мора да знаеме дека тогаш во донесувањето на законот беше вклучен Синдикатот и се сеќавате на сите нивни забелешки кои на крај беа инкорпорирани и нивниот став беше дека се тие задоволни. Притоа јавноста беше целосно запознаена со верзиите на Законот, затоа што, за разлика од

вас што одите по итна постапка, тогаш се одеше во две фази и на крај и покрај острите критики на тогашната опозиција односно на ВМРО-ДПМНЕ, гласањето на крај заврши со само три гласа воздржани. И тогаш кога ќе каже Груевски како премиер дека е потранспарентен, нека се сети на овој пример, дали е тоа така или не.

Зборуваме за текстот. Факт е дека овој закон на Груевски воопшто не го видоа тие за кој тој се однесува, работниците и затоа беа спречени да ги искажат своите забелешки.

Факт е дека овој закон на Груевски се изгласа буквално молчешкум во Собранието на Република Македонија. Факт е дек аоваа верзија на Законот за работни односи кој инаку, почитувани дами и господа, носи работен наслов како да се вработат сите членови на ВМРО-ДПМНЕ, дозволува секој вработен преку ноќ да се прогласи за технолошки вишок и веќе анредниот ден на негово место да се вработи нов човек, нов работник. Секако  дека не треба да се биде член на МАНУ или дописен член на МАНУ за да стане јасно дека тој новвработен ќе има партиска членска книшка, со насловната страна на ВМРО-ДПМНЕ. И граѓаните и сите вработени треба да знаат дека тоа е суштината на овој закон и дек апреку ноќ буквално може да бидат шутнати од работното место за утре некој друг да го заземе нивното место.

Понатаму факт е дека овој закон на Груевски ги ослободува работодавците кога  даваат отказ на работникот поради “деловни причини” тоа ќе го оцени работодавачот ги ослободува од обврската да му понудат нов договор во одбрамбените услови, со доквалификација или со преквалификација, како што беше досега пред да се случат измените предложени од страна на ВМРО-ДПМНЕ.

Факт е исто така дека овојзакон на Груевски им дава право на работодавците во вонредни околности, но по нивна процена, тоа е битно, на работниците да не им дадат одмор. И тоа беШе една од точките каде што имавме најмногу рекации од Синдикатот. Така на пример дали годишниот одмор за некои работи ќе трае повеќе од со закон предвидените 20 дена, ќе зависи исклучиво од добрата волја на работодавецот. Работникот ќе добие одмор од 26 дена само до колку тоа го дозволи неговиот газда или шеф.Со стариот Закон тоа не беше така и сите знаат дека одморот мораше да трае до 20 односно 26 дена.

Факт е дека овој закон на Груевски им дава право на работодавците, нивните вработени да работат постојано, нон стоп во трета смена, наместо како досега тоа да биде ограничено на максимум една недела. И еве го делот од Законот односно една од славните точки на овие промени, кое е идеално за злоупотреба затоа што вие, ако некој работник го ставата во трета смена, а сте слушнале за малтретирање на работници, тогаш е јасно дека на крај тој самиот не може да издржи и ќе се откаже. Во моментот кога тој ќе се откаже, еве изненадување, доаѓа член на ВМРО-ДПМНЕ . Факт е дека со овој закон на Груевски, работодавецот нема обврска да му достави податок на вработениот, дали уплаќа сума и колкава сума уплаќа за него односно за придонесите. Еве како Груевски со неговата партија ВМРО-ДПМНЕ, на крај правата на работниците ги прошири и ги надогради.

Поради сите овие наведени причини работниците со право, како што видов една изјава, овој закон за работни односи односно со овие промени овој закон за работни односи го нарекуваат закон за робување.

Бидејки времето е ограничено за дискусии, јас би сакал да заклучам дека со овие измени што ги предлага премиерот Груевски се нанесува тежок удар на правата на работниците. Не можам да сватам, како после тој таков тежок удар, вчера во омилениот дневен весник на ВМРО-ДПМНЕ излезе наслов - работничкиот закон ќе биде корисен за граѓаните. Значи сите овие промени биле за ова да се случи во корист на граѓаните. Кој верува во овие наслови, за кого е наменет, тоа допрва ќе си го почувствува партијата ВМРО-ДПМНЕ и се разбира премиерот.

Неслучајно се најавуваат штајкови, неслучајно Синдикатите протестираат што им е оневозможено да учествуваат во дијалогот, што амандманите што ги доставија до претседателот на Собранието воопшто не се разгледуваат и јас сум повеќе од убеден дека тие едноставно ќе бидат приморани да штрајкуваат и да излезат на улица. Прашањето е дали сите тие што не се членови на тој Синдикат, оние вработените, ќе почувствуваат каде е замката односно замките на предложениот закон за работни односи.

Ме чуди што толку брзо ВМРО-ДПМНЕ заборава од кого ги доби овие гласови. ЛДП никогаш не може да се пофали дека добивала гласови од работниците. Меѓутоа ВМРО-ДПМНЕ добиваше и доби гласови на овие избори токму од работниците, во најголема мера. И тогашниот опозиционер, сега премиер, Груевски стана славен кога кажа дека претходниот претседател на партијата, Љубчо Георгиевски му забил нож во грб. Откако завршија изборите, вие како ВМРО-ДПМНЕ го свртевте грбот на работниците и вие им аабивте нож во грб на работниците. Но, верувајте, ќе видите на следните избори дека тие можеби на крај ќе завршат во вашиот грб.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За збор се јави пратеникот Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска:** Благодарам.

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, измените на Законот за работни односи кои беа ставени пред ова Собрание по наитна постапка, крајно нетранспарентно, без никаков дијалог со социјалните партнери, без претходна јавна расправа, сосема оправдано предизвикаа лавина негодување кај работниците, кај Синдикатите и сите добронамерни луѓе во оваа држава.

Владата, немајки солидни аргументи за измените кои ги предлага, дава некое бледо објаснување дека на тој начин воведува мерки за подобрување на деловната клима во Република Македонија.

Замислете, кратењето на работничките права претставува мерки за подобрување на бизнис климата во Македонија. Каков апсурд, затоа што денес добро организираните општества обезбедуваат висок степен на заштита на работничките права, токму затоа што знаат дкеа тоа носи развој на економијата. Неслучајно меѓународните стандарди за управување со системите во фирмите кои се помасовно се имплементираат во светот, централно место му даваат на вработениот кој исклучително важно е да биде заштитен, мотивиран, ангажиран на најсоодветен начин, поттикнат да се едуцира и да ги унапредува своите знаења со цел да го даде својот максимум за развој на фирмата, а со самото тоа и за развој на општеството. Верувам дека таков развој страшно многу и е потребен на нашата држава. Тоа не може да се постигне ако со закон создадете перманентна несигурност кај работниците, пред се зголемувајќи го рокот на траење на договорниот работен однос на определено време, од 4 на 5 години, наместо оваа тенденција да оди кон намалување на траењето на вработување на определено време. Во такви услови работниците не можат да го дадат својот максимум затоа што се во постојан анеизвесност и не се чувствуваат дел од фирмата во која привремено се вработени. Не можете да очекувате максимум од вработените ако работникот стрепи дека од деловни причини, условно кажано, работодавачот во секој момент може да му даде отказ без да му понуди работа со преквалификација, на некое друго работно место, едноставно само го затвора работното место и има право веднаш, наредниот ден, да ангажира друго лице. Затоа е исклучително важно да остане старото решение со кое работодавачот, после прогласување на технолошки вишок, дури по истекот на една година на тоа работно место, повторно може да го отвори тоа работно место и да ангажира друго лице.

Во овие измени на Законот за работни односи Владата грубо го крши правото на годишен одмор, работата во ноќна смена, работата во недела. Со овие измени му се намалува правото на годишен одмор на работникот, на 20 дена и се остава договорно да се утврди помеѓу работодавачот и работникот, правото на годишен одмор, со можност да биде 20 или можеби до 26 дена, давајќи му законот право притоа работникот дури и да може да го исплати годишнио тодмор. Тоа значи воопшто да не му даде годишен одмор на работникот. Годишнио тодмор е едно од основните права од работнио тоднос и исклучително е важен за секој човек.

Последните години, сакале да си признаеме или не, сведоци сме на перманентно кршење на тоа право од страна на многу работодавачи. Секоја чест на исклучоците.

Во многу фирми претставува ерес да се побара правото на користење на годишен одмор. Плашејќи се од отказ многу работници не го бараат препуштајќи се на вољата на законодавачот. Наместо овој закон да понуди посоодветни и посолидни механизми за контрола и заштита на правата на работниците, уште повеќе имоди во корист на несовесните работодавачи кои сега сосема легално ќе можат дури и да го укинат годишниот одмор.

Овозможувајќи пак на работодавачот работникот перманентно да го ангажира во ноќна смена, тоа е една скандалозна одредба во законот која на најгруб начин не враќа во најсуровиот капитализам од почетокот на 20-ти век, затоа сметам дека во никој случај не смее да се дозволи работодавачите да му наложуваат на работникот неограничено да работи во трета смена и сметам дека треба да остане старото решение. Правото на недела како неработен ден, свето право на тој ден, го предлагаат луѓе кои се декларираат себе за верници, ако друго не само заради тоа треба да ја сметаат светоста на тој ден ден и да остават работникот во недела да биде слободен, да биде ден на неговото семејство.

На Владата никој не и пречи да воведе модерно електронско евидентирање на пријавите и одјавите на вработувањето и да направи размена на подтаоци со фондот за пензиско осигурување и со фондот за здравствено осигурување, но тоа не значи дека во првиот момент треба да ја тргне од употреба работничката книшка која претставува докажан инструмент за евидентирање на работниот стаж. тоа само ќе предизвика хаос затоа што оваа евиденција дури сега треба да почне да се работи и ќе предизвика уште еден вид на несигурност кај вработените кои нема да можат да знаат и нема да бидат сигурни дали не е направена грешка во евиденцијата на нивниот работен стаж и нема да го имаат тој валиден доказа кај себе дека навистина нивниот стаж некаде е евидентиран.

Се на се, сметам дека Владата преку ноќ по итна постапка се обиде да ги сруши основните права од работен однос за кои генерации работници, генерации синдикални работници се бореле да ги добијат и да ги задржат без притоа да се отвора јавна расправа, без да се консултира со социјалните партнери, без да го чуе јавното мислење, без да направи анализа на тоа што ќе предизвика нуди едно деструктивно законско решение. Но еве да претпоставиме дека тоа е само избрзано решение и затоа како пратеник на НСДП, која секогаш ќе се залага за заштита на правата на работниците, апелирам до вас пратниците од позицијата да не го гласате овој закон, во име на вашите гласачи, во име на вашите најблиски кои ќе ги засегне донесувањето н а ваков закон, па ако сакате и во име на вас самите кои исто така имате заснован работен однос или ќе имате во иднина заснован работен

однос, да не го гласате овој закон кој е штетен за работниците, закон кои не враќа во најсуровиот облик на капитализам, затоа што во никој случај гласајќи го законот нема да ја подобрите бизнис климата во македонија. Тоа е апсурд, не може да се гради стопанство, на крајот не може да се гради среќа на туѓа несреќа, не може да се создава бизнис клима со рушење на работничките права, затоа што само ангажирани со јасно дефиниран социјален статус, сигурни, мотивирани и задоволни работници можат да учествуваат во градењето и развојот на стопанството и во развојот на својата земја.

Пред да решите кое копче ќе го стиснете, апелирам уште еднаш до вас да размислите какви импликации, какви последици ќе предизвика овој закон. Во тој момент помислете на сите оние кои ви веруваа и кои ви дадоа доверба. Уште еднаш барам до вас немојте да го гласате овој закон. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За збор се јави и има збор господинот Оровчанец Ѓорѓи, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам.

Драги мои колеги, малку ве има во ова Собрание, затоа што ова Собрание страшно се трансформира, има многу малку пратеници во ова Собрание. Доминантно другите присутни до 120 станаа нотари на Владата на Република Македонија, луѓе кои седат овде или се отсутни, доаѓаат само кога треба нотарскиот потпис да се стави, носат закони без дебата, носат закони без процедура, носат закони без мерка. И ако за некои тоа ми е јасно дека е така, за ДУИ, за борците за човекови права, за работнички права и за секакви права во Република Македонија не знам како да се трансформираат од такви борци и парламентарци кои се бореа за правата во Собранието**,** да станат нотари на Владата на Република Македонија .

Значи ова Собрание прашање е веќе колку има легитимитет. Можеби го има по изборот кој што е направен легално, меѓутоа колку има кредибилитет да носи вакви закони како што е посебно Законот за работни односи. Ова е дел од најавените реформи, надградени и доградени, преградени сега гледаме, и нормално е после таква победа и такви најавени реформи граѓаните да очекуваат резултати. Меѓутоа, од денот на гласање до формирањето на нова Влада до сега сведоци на еден парадокс на владеење, каде што сите резултати не водат во еден амбис на пропаѓање на државната супстанца, губење на институциите на државата, формирање на култ на личноста и реформи кои само некои може да поверува дека се реформи на кои што не му е јасно за што станува збор. Тука доаѓаме до концептот на лагата кој што го имаме во владеењето со оваадржава.

Еден период мислев дека и од политичКи аспект ќе ги прелажете луѓето за да добиете нешто , ама ќе се извлечете на крај и некако ќе ги објасните работите, меѓутоа има два принципа на лажење, очигледно. Тој едниот кој го сметав за бенигнен очигледно не е присутен, присутен во нашето друштво е сосема друг принцип на лага, а тоа е принципот на лага кога сами верувате во својата лага. Значи верувањето во реформите, верувањето во лагата е лично и на премиерот, членовите на Владата и нотарите во овој клуб овде наречен Собрание на Република Македонија. Една од тие големи лаги е Законот за работни односи. Зошто е најголема лага? Затоа што засега најголем број на граѓани во Република Македонија кои се убедувани дека е ова во нивни интерес. Не може да биде во нивни интерес нешто што директно се изгласува и носи мерки кои што се против работниците. Така да овој закон кој сега го нарекуваме Закон за работни односи, јас би му дал сосема друга конотација и би го крстил многу поинаку. Би го крстил закон за производство на стечајни работници. Најверојатно ќе треба да го рушиме Трговскиот центар и да го прошириме Паркот на жената преку пат на Собранието за да можеме да направиме шаторски логор каде што идните стечајци произведени со овој закон ќе бидат присутни за да ги раелизираат своите права. Ако не можат своето право на година дена процес околу своето работно место да го остварат ќе го остварат правото година дена пред Собранието во Парк жена да седат и да ги бараат своите права. Е тоа е легалноста и процедурата која што овие законски мерки ни ги носат.

Зошто ова го зборувам? Затоа што Закон за работни односи претставува една и единствена мерка која е брана на правата на работниците по однос на целиот сегмент, државата, работодавците итн. Тоа е единствена брана не постои друг механизам. И тоа е на некој начин Устав на работниците. Меѓутоа во ова наше неокомунистичко друштво кое се случува имате од една страна енергетски закони по волја на Владата, експропријација по волја на Владата, работнички права сосема други така да човек не може ни да ја фати на крај идеологијата на оваа Влада, што сака она да постигне, каде се стреми, што сака да направи. Меѓутоа сите тие нејзини лутања се во борба со основните човекови права, тоа е едно и второ, против биологијата на луѓето. Човекот живее 24 саати на ден, од тоа 8 саати спие, колку може да работи се знае. Биологијата и физиологијата се констатни. Не можете вие сега да ги издејствувате на друг начин со законска да ги решите и морате како законодавец да се однесувате така со респект спрема биологијата од една страна на човекот и, од друга страна, со дигнитет кон неговата личност. Ние овде се кршиме, и човековите и ја кршиме биологијата и физиолошката функција на човекот. Не може некого да осудите вие, со овој закон ние некого осудуваме да работи нонстоп во некоја трета смена и тоа внимавајте, ем го осудувате да работи во трета смена ем не го плаќате. Му се плаќа ноќен труд, еве ги медицински сестри кои континуирано дежураат навечер добиваат само

додаток за ноќен труд, не добиваат никакви пари за тоа. Меѓуот авие не сте засегнати, не ги сфаќате проблемите до оној момент кога ќе се излезе од ова Собрание , па и вие ќе бидете дел на тие работници. Или друг начин на гледање како што Влатко Ѓорчев гледа, работничките права и платата заслужена овде во Собранието, очигледно, човекот не знае што зборува, очигледно тоа пали. Ако сакавте воопшто да размислувате за начелото на овој закон, прва работа што требаше Владата да ја реши тоа е законот за минимална плата, или во овој закон да биде закон да биде ставена минималната плата. Тоа опозицијата го бараше, меѓутоа, тоа е барање на целото друштво. Тука треба да се дефинира што е минимумот на пристојна егзистенција на секој кој што е вработен и на тој начин може да има и свој дигнитет и било што друго што се подразбира во едно современо друштво. Меѓутоа, овој закон за стечајџи е практично закон со воведување нов страв во Република Македонија, тоа е закон каде што не постои стручно мислење од експерти. Тоа е закон каде што работниците без разлика на што и на какви асоцијации, вклучувајќи ги синдикатите, не се прашуваат или не се контактира со нив. Ова е закон кој што го руши базичниот социјален договор кој во една земја треба да постои. Без социјален договор ескалацијата на социјалните тензии останува непредвидлива категорија. Со тао овој закон станува и пречка на основното начело кое го прокламира Владата, а тоа е економскиот . економски развој со ваков закон за работни односи никогаш нема да има. Ова само ја потврдува уште еднаш тезата дека економскиот развој во Република Македонија е една голема лага на која треба сите да веруваме. Таков економски развој ќе се случи после падот на оваа Влада и катарзата низ која ќе помине Република Македонија.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Збор има пратеникот Тушева Маринела, повелете.

**Маринела Тушева:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Разгледување и креирање закон во сферата на односите работодавач - работник бара широка јавна расправа, бара време, консултации, објаснувања, дискусии. Ваков закон не се носи на препад и за пет минути без ниту една дискусија од пратениците од владеачката партија, без консултации на релевантните социјалнои парттнери. Често милуваме да се споредуваме со други држави, обично оние кон чие друштво се стремиме да пристапиме, а таму вакви значајни закони не се носат за 5 минути, се креираат со месеци, некаде и со години, вклучени се синдикалните организации, работниците, јавноста, организации на работодавачи, со еден збор се практикува социјален дијалог, се организираат трибини, јавни дискусии, се презенттираат истражувања, се бараат предлози, се нудат решениа.

Нашата јавност не само што беше исклучена од овој процес, туку беа прекршени дури и уставните процедури. Овој закон претходно беше донесен без да расправа Собраниската комисија за труд и социјална политика, законот го предложи техничка Влада и на крај кулминација на самоволието беше законот се донесе без дијалог со социјалните партнери, синдикатот и работодавачите, тоест без мислење од Економско социјалниот совет. Социјалниот дијалог - верувам дека ова и е познато на владеачката партија е еден од осумте критериуми за преговори на Македонија со Европската унија , а тие не го испочитуваа. И така закон од ваков карактер наместо да ја подобри ефикасноста на пазарот на работната сила во насока на зголемување на флексибилноста на односите меѓу работниците и работодавачите, ќе креира извонредно голем простор единствено за манипулација, злоупотреба, дискриминација. Без многу да се филозофира може да се каже дека овој закон значи увертира во робовладетелски однос, а и како на друг начин да ги толкуваме можностите некој неограничено да ви наложува да работите во ноќна смена. Не е човечки, а не е ни физички возможно што значи периодично менување на работниците , периодите мора да бидат прецизирани, колкав е периодот две недели, 4 месеци, 5 години. Оваа одредба може да се сфати единствено како можност за неограничена злоупотреба. Во овој контекст би го цитирала и членот 19 кој вели: “Членот 178 се менува и гласи: на работникот инвалид на трудот со право на професионална рехабилитација по основ на професионална неспособност за работа работодавачот е должен да му обезбеди услови за вршење на професионалната рехабилитација и да го распореди на друга работа со полно работно време во согласност со прописите од пензиското и инвалидското осигурување”. Зарем не е подобро да се спречи зглолемување на бројот на инвалиди на трудот со тоа што би се ограничила ношната смена и часовите на дополнителната работа, отколку да се издвојуваат дополнителни средства повеќе за лекување. Понатаму, укината е можноста работниците да се преквалификуваат или доквалификуваат пред да бидат избркани од работа.

Зарем ова е одредба од закон по предлог на Влада која вели “Знаењето е моќ” која деноноќно работи за да обезбеди квалитетно образование, заштита на работникот, мотивирање за барање работа за невработените како што секојдневно со постојаните реклами по медиумите не убедуваат. Каква е таа заштита кога работодавачот може без проблем во секој момент да ве прогласи за технолошки вишок, а веднаш утредента да вработи нов вработен. Врз кој критериум е прогласениот технолошки вишок? Дали е тоа етничка припадност, религиозна или можеби пак партиска припадност? Дали е заштита неограничената можност на работодавачот да ви наложува да работите во ноќна смена? Каков

мотив за барање работа? Дали е тоа срамната реклама на Владата за кампањата "Знаењето е моќ" во која девојка со разголено деколте оди на интервју за работа. Како да се протолкува тоа? Како заштита, како мотив или можеби како некоја сугестија.

Понатаму, намалувањето на деновите на годишниот одмор на 20 дена. Во други држави на пример Австрија минимум е пет недели. Во Шведска е 25 дена, во Грција 22 дена, во Хрватска 24 дена. Хрватска има закон со кој се ограничува прекувременото работно време и прецизно се дефинира ограничувањето за работа во ноќна смена.

Понатаму, уште еден удар е и неможноста работникот да има увид во тоа дали работодавачот му ги уплаќа придонесите или не, со тоа што Фондот за ПИОМ и Фондот за здравство немаат обврска да му дадат фотокопија на вработениот од неговите документи за осигурување.

Доаѓам од Штип, ВМРО-ДПМНЕ во Штип доби 18 илјади гласови. По логика на нештата од нив 9 илјади биле жени, од тие некаде околу 6 илјади биле текстилни работнички. Текстилните работнички од Штип знаат како е да одат на одмор десет дена од кои имаат вброени два викенди односно неколку неработни денови и задолжително имаат еден државен празник.

Скратување на сите работнички права не беа ветувањата кои ВМРО-ДПМНЕ им ги даде на овие текстилни работнички во Штип.

Ова се само еден дел од многубројните одредби со кои се врши кршење на работничките, но и основни човекови права. Англискиот поет Тенисон во една прилика ќе запише: "Морам да се нурнам во работа за да не се нурнам во очај".

Изминатите години илјадници невработени македонски граѓани беа нурнати во очај. Денешниот закон ќе биде причина за очај на илјадници нови граѓани, овој пат вработени. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван потпретседател на Собранието, почитувани колеги пратеници кои се присутни во салата, но за жал, ги има многу малку, очигледно не им е пријатна дебатата која се води во Собранието по однос на Законот за работни односи и не им е пријатно да седат во салата.

Овој Закон за работни односи му дава многу имиња во текот на досегашната дебата, веројатно најправилно ќе беше Закон за робовладетелски односи во кои работниците буквално не да бидат категорија која рамноправно ќе разговара со работодавачите, туку ќе бидат категорија која всушност ќе има подредена робовска позиција, бидејќи Владата онакака како што го замислила и со решенијата кои ги предложила не знам кога штити, не знам која и е целта, не знам која и е намерата и не знам во чие име работи. Од кого доби мандат и зошто предлага вакви решенија. Не се осмели ниту еден претставник да дојде овде во Собранието и да ни објасни кои се нивните мотиви да ги предложат овие решенија. Како сега ние тоа да го протолкуваме дека законот е издржан, оправдан и е во интерес на граѓаните на Република Македонија или во интерес на Владата и на тесен круг на луѓе.

Би ги потсетил граѓаните, бидејќи оваа Влада и владеачко мнозинство многу се фалеше дека работи одговорно и дека нивната програма Преродба сега надоградена и проширена е буквално библија за Република Македонија или Устав и дека од неа нема отстапување. Нека ја отворат граѓаните кои се уште ја чуваат на страница 117 таму стои едно подглавје - Социјално партнерство. Владата напишала односно тогашните кандидати напишале ние веруваме во концептот на социјален дијалог како составен дел на принципот на добро и одговорно владеење. Лесно е да напишете, хартијата трпи се, многу е потешко да го спроведете тоа што сте го ветиле на граѓаните.

Дали е ова одговорно и добро владеење? Кога ги бараа гласовите од граѓаните, барем колегите пратеници не разбирам зошто толку упорно молчат и не се соочуваат со нашите аргументи, им велеа дека Република Македонија ќе ја доживее преродбата во која секој ќе биде среќен, секој ќе си го најде својот смисол за живот, ќе најде работа, едноставно ќе биде на некој начин "ветената земја".

Со ова што го предлагате во Законот за робовладетелски односи далеку сте од тоа во најмала рака и од А од она што сте го ветиле на изборите.

Жалам што како пратеници немаме други можности да реагираме на овој закон освен со дебата и стискање на црвеното копче. Барем да одржевте, она што го пишувате во програмата, социјален дијалог со партнерите да имавме некое мислење и од Владата и од Синдикатот и од работодавачите. Синдикатот упорно бара, вие бегате од тој социјален дијалог.

Би се задржал накратко околу решенијата кои ги предлагате во Законот. Сите се спорни. Се надевам дека Уставниот суд ќе го укине во најбрза постапка, бидејќи ова не е ни според Уставот каде граѓаните се заштитени, ниту е според било кој законски пропис.

Во членот 2, според досегашното законско решение, работодавачот беше обврзан да му даде на работникот фотокопија од пријавата во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и од Агенцијата за вработување. Сега го укинувате тоа право. Значи, не е обврзан. Му давате право на работникот да бара на негово барање од работодавачот да му издаде таков документ. Сега замислете му давате право на работникот, а со низа други членови му овозможувате на работодавачот на тој работник што побарал да го

малтретира до бескрај и повторно да не му го даде.

Прво, ќе му нареди да нема годишен одмор.

Ќе му нареди да оди во трета смена и на крајот ако не попушти работникот ќе му рече те прогласувам за технолошки вишок, а ти побарал право според законот да му издадат фотокопија дека е вработен и пријавен во Агенцијата за вработување и во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, дека се плаќаат давачките за истиот. Како ќе ги оствари?

Му ја укинувате секоја заштита на работникот.

Членот 4, според досегашното законско решение, доколку е вработен некој на определено време 4 години со прекин или без прекин има право да го трансформира својот работен однос на неопределено време. Зголемувате за една година, на пет години. Јас ќе ви кажам дека е ова политички мотивирано затоа што сега следат локални избори и голем број на оние што се вработиле или по школите одат на определено време сега судот ги враќа, не можат да си го остварат правото, ќе помине мандатот од 4 години, очекувате да победат вашите кандидати и го зголемувате цензусот на пет години за да луѓето не можат да си остварат свое право. Зошто не го намалите? Зошто нема претставник на Владата да ни објасни што значи пет години да работите на определено време?

Затоа, ова ви е класично политичка одредба во која сакате со евентуалната промена на локалната власт да овозможите да не се затворат сите работни места по основ на изминување на рокот за определено време, бидејќи целата стратегија ја градите на ветување дека ќе ги вработите сите, да почнете да го остварувате тоа, а не можете. Таа концепција ви се покажа погрешна и во 2002 година кога вработивте 20 илјади луѓе во администрацијата, ќе се покаже погрешна и на некои наредни избори.

Во членот 76 го бришете ставот 2 каде работодавачот има обврска да обезбеди преквалификација и доквалификација на работникот доколку тоа работно место повеќе нема потреба да го опслужува работникот, сега тоа го бришете и не ставате никаква обврска за работодавачот.

Исто така, членот 98 каде е најспорен од сите членови, му давате право на работодавачот да прогласи технолошки вишок, а утредента на истото работно место да прими друг работник. Досегашното законско решение, да ве потсетам, е дека доколку се прогласи технолошки вишок една година немате право да примате друг работник на тоа работно место. Доколку, ставот 2 од истиот член гласи, сакате да примите оној што сте го прогласиле за технолошки вишок има предност, сега го бришете и тоа. Значи кога сака работодавачот ќе го избрка работникот утредента ќе си прими нов и веројатно тоа е вашата идеја за раздвижување на пазарот на трудот. Како може некој да зборува за раздвижување на пазарот на трудот кога имаме многу поголема понуда од побарувачка на работници.

Бидејќи, согласно Деловникот, имаме многу малку време да дебатираме за овој закон, би сакал да кажам дека и сите други одредби што се однесуваат на годишниот одмор, на работата во трета смена, на давањето на слободни работни денови во однос на неделата, сите тие се спротивни на интересите на работниците и на граѓаните на Република Македонија.

Апелирам до колегите пратеници иако не се во салата, можеби слушаат, овој закон не е во интерес на никого да биде изгласан. Тие самите по завршување на мандатот ќе се вратат на своите работни места, за оние што работат, и ако почне некој да ги применува одредбите од овој закон на нив ќе видат за што гласале. Да не зборувам за оние граѓани кои немаат можност ни да дебатираат и да си го кажат своето мислење по овој закон.

Овој закон е спротивен на интересите на граѓаните на Република Македонија.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Со оглед дека сега е 13,58 часот, а согласно Деловникот редовната пауза започнува во 14,00 часот, овде ја прекинувам седницата, продолжуваме со работа во 15,00 часот.

(Паузата е дадена во 13,59 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,05 часот)

**Светлана Јакимовска:** Продолжуваме со работа.

Има збор госпоѓа Славица Грковска Лошкова.

**Славица Грковска Лошкова:** Почитувани колешки и колеги пратеници, морам да признам на почетокот дека сум крајно разочарана од бројот на присутни во салат аи од немањето на интерес во дебатата на овој закон, особено од страната на партламентарното мнозинство кое што некако премногу лесно си ја свати целокупната одговорност што ја има за состојбите во државата. Меѓутоа, веЌе ги немате аргументите дека некој друг е одговорен и за лоши решенија и за лошите состојби во државата. Се андевам дека сте свесни дека целокупната одговорност за лоши законски решенија, за лоша економска состојба во државата, за лоша меѓународна позиција на Република Македонија е комплетно ваша. И токму заради тоа најмногу загрижува фактот дека имаме комплетна незаентересираност од страна на парламентарното мнозинство за дебата по вакви важни и суштински закони за граѓаните на Република Македонија. Бидејки е тоа така, логично се наметнува прашањето, во чиј интерес е носењето на ваков закон и на ваков начин? Во чиј интерес е, без никаква дебата, без никакво усогласување со Синдикатот на кој што му ветувавте дека ќе биде еден од партнерите во Владата, се разбира пред изборите кога ви беа потребни нивните гласови. На кого му е во интерес носењето на законски решенија кои што

се потполно спротивни на интересите на најголемата структура на граѓани на Република Македонија, а тоа се работниците. Ако имавме усогласеност и со синдикатите за Законот за работни односи, за решенијата кои што во добар дел ги штитат работничките права, тогаш се прашувам, зошто на Владата на Никола Груевски е во интерес носење на ваков закон кој што практички ги ускратува сите заштитни механизми и сите права на работничката класа. Едно од законските решенија кое што се предвидува овозможува олеснување на вработувањето и отпуштањето на работниците без никакво образложение. Ако имаше некаков заштитен механизам да не се дозволи самоволие на работодавецот, тоа веќе со овој закон не е случај откако така по итна постапка, набрзина, тајно и скришно го изгласавте во Собранието на Република Македонија.

Сега сакам да ве прашам, оние што се присутни во салата од парламентарното мнозинство, а и оние што не се, се надевам дека гледаат, или дека ќе им пренесете. Дали би сакале вие, или вашите деца да се најдете во позиција секој ден да се плашите од волјата на работодавецот, секој ден да се плашите за своето работно место дали ќе останете на улица, или не, или би сакале да имате извесна сигурност на работното место каде што се наоѓате и да знаете дека има закон во државата што ги штити вашите права и што ја обезбедува вашата позиција и дека вашите права не зависат од волјата на работодавецот без разлика каде е тој, туку напротив се законски загарантирани. Ако ми одговорите на тоа прашање ама искрено без партиска директива, јас сум убедена дека најмалку заради тоа ќе гласате против ваквите законски решенија. И ако Владата тврди дека е убедена дека може да има некакви измени на законот, меѓутоа се вади на процедурата во Парламентот и на претседателот на Собрание, бидејќи е предлагач на законот, ја повикувам нека го повлече законот ако е искрена во своите намери, нека седне заедно со сите фактори и со синдикатите и со Економско социјалниот совет и со опозицијата и вклучително со забелешките на претседателот на државата, нека ги согледа, а потоа нека донесе одлука каков закон, какви измени на Законот за работни односи ќе предложи и на каков начин, дали по редовна, како што е нормална процедура, или по итна постапка повторно? Значи, имаме предлог со кој што во Република Македонија ќе почнат стравични процеси. Ако до сега зборувавме за партиски чистки во јавната администрација која што директно е во рацете на власта, сега дефакто се создава законска можност за комплетна партиска чистка не само во јавната администрација, туку комплетно во сите претпријатија во Република Македонија. И на тој начин ВМРО-ДПМНЕ ќе си ја спроведе својата стратегија која што ја нарече кога го носевме новиот Закон за празници, идеологизација по теркот на ВМРО-ДПМНЕ, или кратко речено ВМРО-изација. Не може поинаку да се свати зошто се инсистира без никакви причини работникот да се отпушти, а после на негово место без никакво ограничување со истите квалификации да се вработи друг човек кој Што претпоставувам единствено што треба да исполнува е партиската припадност на една од владеачките партии во Република Македонија. Не знам дали сте свесни дека сето ова може да се врати како бумеранг, дека секоја неодговорна Валда слободно можам да наречам, може да го користи тоа и секоја неодговорна Влада може да го практикува овој нов член што ќе го изгласате за комплетна чистка на вработените по теркот кој што на актуелната Влада и одговара. Не знам дали сте свесни дека нема да траете вечно, дека ќе дојде денот за 3, 4 години кога ќе ги изгубите парламентарните избори и вие истите ќе се најдете во ситуација кога на вас ќе го применуваат овој закон. Тогаш, сигурно дека нема да бидете среќни со ваквите законски решенија и тогаш сигурно дека нема да бидете среќни и нема да ве теши фактот што Светската банка сметала дека треба да се намали законската заштита на годишниот одмор, дека треба да се намали контролата за ноќната смена и за неделен одмор, дека нема потреба да има заштитен механизам при вработувањата и отпуштањата на работниците во сите структури. Сосема ми е јасно зошто во суштина нема дебата од ваша страна, заради тоа што вие едноставно немате аргументи со кои што би можеле да го браните законот. Аргументите дека ова е од Светска банка и дека мора да ги правиме чекорите пред другите држави, навистина се смешни. Значи, кога станува збор за ускратување на права на работниците, дајте да бидеме први пред другите држави, а кога треба да ги достигнеме стандардите кои што не сме ги достигнале, а за кои другите држави се многу понапред, тогаш имаме проблем, затоа што е поважно дали братучедот на Трајко Вељаноски ќе биде судија, или кумови и роднини на други пратеници и функционери од власта, нешто што е непоимливо за другите држави, меѓутоа тогаш не ни е во интерес да ги оствaруваме правата и стандардите кои што ги имаат во другите држави. Меѓутоа, за она што е во интерес на ВМРО-ДПМНЕ, тогаш дајте да бидеме и пред другите држави и покрај тоа што е крајно штетно за граѓаните во Република Македонија. Сакам да ве потсетам, бидејќи вие во текот на кампањата ги уверувавте граѓаните дека ги распишувате изборите и одите на избори за да добиете уште еден мандат во кој што ќе работите за интересот на граѓаните. Меѓутоа, јас сум убедена дека со ваквото законско решение граѓаните сега можат да видат дека вие не работите во интерес на граѓаните, туку во интерес исклучиво на бизнис заедницата и на оние кои што ВМРО-ДПМНЕ ги нарекува олигарси, а се ваши коалициони партнери и седат со вас во пратеничките клупи, меѓу другото. Ова е континуитет на даночната политика и на останатите политики кои што овозможија, со кои Владата овозможи богатите да станат уште побогати, а сиромашните уште

посиромашни. Бидете спремни да ја прифатите одговорноста и на овој начин да признаете дека вас не ве интересира ништо друго, најмалку интересот на граѓаните, туку најмногу интересот на бизнис заедницата со која што сте длабоко навлезени во длабоки корени.

**Светлана Јакимовска:** Има збор госпоѓа Цветанка иванова.

**Цветанка Иванова**: Благодарам потпретседателке. Законот, или измените на Законот за работни односи се многу значајни и воопшто Законот за работни односи е многу значаен Закон, затоа што тој претставува Устав за работниците. А да се донесе Устав за работниците без да се консултираат работниците, без да се слушне нивното барање, без да се слушне нивната желба, мислам дека овој закон ќе биде устав само на владеачкото мнозинство кое што сака на врат, на нос да протурка еден ваков закон.

Почитувани колеги пратеници, јас сум била современик на донесување на многу закони за работни односи и многу изменувања на Законот за работни односи, но ваква ароганција на носење на овие измени никогаш не била, без разлика од која влада, дали од наша, или од некоја друга, мислам социјал демократска, или од сегашното парламентарно мнозинство. Секогаш се имало чувство дека треба да се прашаат при донесување на овој закон, како и впрочем на сите закони оние на чиј грб ќе се одрази нивната имплементација. Замислете, не само што не се прашани работниците, туку не се прашани ниту синдикатите. Јас се прашувам сега, зошто е уставна категорија како уставна категорија предвидено во Уставот право на работниците заради остварување на своите економски и социјални права да се здружуваат во Синдикатот. Вака како што сте почнале може и оваа одредба од Уставот да ја тргнете за да може навистина полесно да си ги спроведувате замислите кои што сте си ги поставиле пред себе. Многу мои колеги поставија прашање, во чиј интерес се носи овој закон? Размислував долго и верувајте јасно е, не треба многу да се размислува, но дали да се каже и ќе го кажам, овој закон се донесува во име на работниците, а на штета на работниците. Овој закон се донесува во интерес на оние кои што ја финансираа кампањата на ВМРО-ДПМНЕ. Сега со овој закон се наплаќа испорачаната сметка, испорачаната фактура на оние кои што ја финансираа кампањата на владеачкото мнозинство. Но, почитувани колеги, добивте 480 иљади гласови. Гласовите не се смао од оние што ја финансираат кампањата, гласовите се и од работниците. 50% од овие 480 иљада гласа е огромна бројка и тие сигурна сум ќе ја испорачаат својата сметка набрзо, а подоцна ќе кажам зошто.

Сакам да зборувам за две категории: “отчетност и транспарентност” кои што ја красат оваа Влада. Дали сметате дека е отчетност да се појавувате секојдневно на телевизии при чистење на некоја рекичка, на некое долче, поточно или е транспарентност при донесувањето на вакви важни закони да се послуша гласот на народот транспарентно и отворено секое решение да се издебатира и после да се донесе, да добие форма на закон и да се донесе. Значи, погрешно сте ја сватиле транспарентноста. Дали отчетноста е да се отчетате само на оние што финансиски ви помогнале и да не водите сметка за оние кои што најсурово ќе ги почувствуваат врз својот грб овие законски решенија. Тие луѓе верувајте сега не знаат можеби за што зборуваме, затоа што некој ќе прочита закон, некој нема да го прочита. Но, секако дека секој работник ќе се соочи со овие решенија кои што сега вие ги донесувате, ќе се соочи со правото, законското скратување на правото на годишен одмор. Ако некогаш некој работник користел 26 работни дена, сега вие му нудите со овој закон само 20 дена без да се прецизира дали тоа се работни, или неработни и оставате работодавецот сам да го уреди прашањето како ќе ги смета овие денови. Значи, зависи од волјата на работодавците. Особено ние жените борци за женски права изминативе 6 години ги толкувавме, ги разгледувавме правата на жените во текстилната и кожарската индустрија и особено правата на работниците во трудоинтензивните гранки. Дали сметате како жени, подржувајќи ги овие законски решенија, дали сметате дека овие законски решенија одат во прилог на она за што до сега сме се бореле, дали сметате дека ќе го подобри статусот и положбата на жените во кожарската и текстилната индустрија? Сите пратеници и сите пратенички кои што во своите изборни единици знаат дека за нив гласале работници, должни се не само на финансиерите, туку и на работниците кои што го дале гласот да се одолжат. Дали сметате дека бришењето на институтот, или на правото да се биде прогласен технолошки вишок, и како еден механизам на заштита законското право до сега што беше една година работодавецот да не може да прими работник на истото работно место, не значи оставање на основа, или широка врата на манипулација на работодавците од страна на работниците. Јас знам дека на ова право му давате законска рамка заради тоа што сакате во оние државни институции каде што се вработени работници на кои што се применува Законот за работни односи да извршите политичка чистка, затоа што сега има законски основи. Секоја државна институција која што сака да го избрка некој неподобен работник, политички неподобен зборувам, може слободно според одредбите на овој закон да го прогласи технолошки вишок без да се погрижи за доквалификација и преквалификација, или да му понуди друга работа, затоа што сега и тоа право го бришете и веднаш наредниот ден да се примат партиски активисти. Верувајте од искуство знам, секогаш кога сме донесувале закони, а кога сме биле на валст и сме гледале да одговараат на моменталната ситуација, секогаш таквите закони ни се удирале од глава. Јас верувам дека и овој пат овој закон ќе се удри од глава на

парламентарното мнозинство. Дали сметате, особено повторно нека ми простат мажите работници, затоа што се залагам и за нивните права. Но, сакам повеќе да поентирам со жените, затоа што ние како жени дојдовме тука и со една специјална мисија во Парламентот не само политички да си ги браниме нашите идеолошки ставови и политички програми, но да се бориме за унапредување на статусот и положбата на жената во општеството, затоа што сметаме дека жената нема еднакви можности.

И, знаете,  на бројни наши трибини, на бројни наши средби сме зборувале дека треба да се води сметка за работното време на жената, треба да се усогласи личниот и професионалниот живот за да се отстранат бариерите на жените во унапредувањето во својата работна кариера.

Дали сметате дека бришењето на одредбата со која се забрануваше работа во трета смена повеќе од една недела, не значи експлоатација на жената и така присутна и досега, во кофекциите. Како ќе излезете пред вашите гласачИ кога ќе ви кажат зошто гласавте да се брише одредбата со која се ограничиваше трета смена или ноќна работа да не може да трае помалку од една недела. Дали има механизам со кој ќе ги заштитиме работниците. Дали оваа одредба нема да се одрази негативно на здрвјето на работниците. Добро размислете колеги. Добро размислете затоа што во овие фотељи нема ние да го почуствуваме овој закон, но набрзо ќе ви се јават револти.

Сакате, наводно, со овој закон да ја подобрите вработеноста и да мрдне малку економскиот живот. Но , верувајте, со овие уислови ќе се создаде уште една арммија невработени и наместо услови ќе го исполните ова од вашата програма, отворање на нови народни кујни затоа што работниците со дозвола на државата , со дозвола на Владата, ќе се најдат на улица. Секогаш ќе зависат од добрата волја на работодавецот затоа што овие норми веќе се еластични. Нашите работници веќе немаат права, немаат механизам со кој ќе се борат за нивните права.

(реакции во салата)

Како сакате, ајде, не ајде, јас ќе го издржам вашето ајдикување, ќе зборувам затоа што навистина, за разлика од некои  јас и практично сум применувала закон за работни односи и знам што значат ове одредби кога некој врз нечиј грб ќе ги применува овие одредби од законот за работни односи.

Како ќе им кажете на вашите гласачи дека сте го избришале правото на работникот, работодавачот задолжително да му обезбеди одреден број на денови годишен одмор. Како ќе му објасните дека сега давате право само работодавецот да им го плати неискористениот годишен одмор. Вие  знаете, и покрај законската одредба, поради нефунционирање на институциииите на системот, на трудовиот инспектор и досега работниците во тешките трудоинтензивни гранки користеа годишен одмор по 5 дена. Сега вие со ваквото решение давате можност работодавецот воопшто да не му даде право на годишен одмор, а за плаќање на годишниот одмор и да не зборуваме затоа што секој работник ќе се соочи со судир со работодавецот.

Во ова време кога имаме голема безработица, сметате ли дека некој ќе покрене тужба пред суд за остварување на своето парво на годишен одмор, или за  надомест на своето неискористено право на годишен одмор? Никогаш, затоа што секогаш работникот ќе оцени која постапка пострашно ќе се одрази врз неговиот или нејзиниот статус.

Нема да зборувам за она што го воведувате дека сега нема да има работни книшки, компјутеризација воведувате без претходно да е подготвена базата за тоа. Тоа ќе биде тотален хаос.

Сакав само да укажам на неколку битни измени, сакав само да дадам пластичен пример на неколките битни измени кои страшно ќе се одразат врз положбата на работниците од работен однос.

Јас мислам дека немате обврска само кон финансиерите затоа што финансиерите финансираат, ама гласаат работниците. Треба да имате обврска и спрема оние кои ве донеле  во овие клупи и треба да размислите, овој закон да не го подржите затоа што овој закон ја враќа Република Македонија во работното законодавство во среден век.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика се пријави пратеник Ратко Димитровски, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам.

Немав намера да се јавувам за реплика, меѓутоа после искажаните невистини, после искажаните манипулации со кои што проба да се манипулира со јавноста, мислам дека е потребно да се јавам за да дообјасниме некои работи  што колегите од СДСМ ги практикуваат сега, а не ги практикуваа во моментите кога ги  отпуштаа работниците благодарение на законите  што тие ги донесоа. Тогаш не се грижеа ни дали имаат годишни одмори, ни дали се заштитени и итн. Периодот од 1994 до 98 година многу добро го знае.

За конкретна информација околу тоа што се предвидува со новиот закон, сакам на јавноста и на колегите да им објаснам околу третината од излагањето на колешката Цветанка. Значи, третина од излагањето беше за користењето на годишните одмори. Ќе цитирам делови од стариот Закон и делови измените.

Во стариот Закон, тоа е член 137 став 1 стои: “Работникот има право на годишен одмор во траење од 20 до 26 работни дена”. Во новиот закон тоа е поделено во два става и се вели вака, тоа е член 13 колешке Цветанка,:”Работникот има право на платен годишен одмор од најмалку 20 работни дена” тоа е став 1, а ставот 2: “

Годишниот одмор од ставот 1 на овој член со колективен договор или договор за вработување може да се продолжи до 26 работни дена”. Не знам каква е измената и каде го гледате намалувањето на годишниот одмор од 26 на 20 дена.

Понатаму, ставот 2 од стариот Закон вели вака: “Повозрасен работник, инвалид работник со најмалку 60% телесно оштетување и работник кој .. и чува дете со телесен и душевен недостаток има право на уште три работни дена годишенодмор”, а во новиот закон се вели: “ ставот 2 станува став 3 и се додаваат зборовите повозрасен работник, после зборивите повозрасен работник се додаваат зборовите во членот 179 на овој закон”. Значи се дефинираат работите, се дефинира кој може да го користи тоа. Понатаму, ставот 3 од членот 137 вели вака: “Работодавачот е должен на работникот да му издаде решение за правото за користење на годишен одмор”, а овде стои “ставот 3 станува став 4”. Не знам, нмавистина не знам каде ги видовте вие овие денови кои што им се одземени на работниците. И досега беше така, минималниот годишен одмор беше 20, а максималниот беше 26, со заштита на тие работи. Не ми јасно зошто ја манипулирате јавноста. Зошто фрлате такво семе на дезинформации. Благодарам .

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика пратеничка Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам госпоѓо потпретседателке.

Прво прашање, господине Димитровски, зошто се одјавивте од дискусија?

Ако имавте аргументи не мора вака да дебатирате со мене.

Втора работа, ако сметате дека, бидејќи се осврнавте повеќе на годишниот одмор, а немате храброст да ги толкувате одредбите за тенхолошки вишок и тн.

Прво да ви кажам дека моето искуство, не можете вие мене да ми ги толкувате законите, затоа што јас сум правник, колку и да е повеќе сум разбрала овие 25 години како се толкуваат законите.

Втора работа, ако сметате дека ништо не менувате, па зошто го менувате тој член што се однеува на законот за работни односи.

Трета работа,..

( Дофрлање од место)

Не го менувајте. Ние имаме амандман прифатете го, еве вие сте мнозинство прифатете го. Нека остане старото решение.

Друга работа. Знаете ли дека во текстилната индустрија, во кожарската индустрија и во многу гранки, сеуште се немаат потпишано колективните договори и сметате ли дека ако нема колективни договори имате законска можност повеќе од 20 дена и тоа не се знае дали се работни да користите годишен одмор и тоа е прашање дали ќе го користите затоа што работодавецот ќе ви каже не ви давам, ќе ви го платам и нема никогаш да ви го плати пошто работникот нема механизам со кој што би се заштитил, ќе остане на улица за да покрене суски спор за да си го оствари своето право.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Топузова-Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитувана потпретседателке.

Со оглес дека вашиот избор беше извршен додека опозоцијата не беше присутна во парламентот, а прв пат водите седница, да ви го честитам изборот и да ви посакам да работите според Уставот и Деловникот. Се надевам дека ова што денеска се случи нема да се случува во иднина, да се повторува и очекувам дека ќе имаме барем коректна соработка.

Почитувани колеги пратеници,

Очигледно дека Владата, во напливот на лажен патриотизам и откривање на минатото, бидејќи сега пред некој ден за прв пат ги видоа локалитетите во Македонија на кои што со децении се истражува и за нив е тоа нешто ново, па посакаа и со Законот за работни односи да не вратат не во некој капитализам, туку во робовладелтското општество. Тоа е евидентно од она што го имаме пред нас.

Немсто од ден на ден да се унапредуваат правата на работниците, да им се овозможува и стекнатите права да ги негуваат, ние и она што го имаат, односно Владата со овој закон сака да им го одземе. Очекував, да бидам искрена, дека парламентарното мнозинство лично ќе се заложи кај Владата, ако веќе тогаш во онаа брза лента која што ја имаа за носење на стотина закони со светлосна брзина, дека сега ќе дозволат ние да имаме можност да доставиме амандмани и тие да ги прифатат амандманите. Не затоа што ги доставува опозицијата туку затоа што на оние кои што се однесува и кои што ги засега, пред се, овој закон работниците не заслужуваат да оние кои што ја добиле нивната доверба, донесат ваков закон и им ги скратат и оние права кои што досега ги имаат.

Мислам дека ова е недолично и не можам да ја сфатам невидената леснотија со која што се однесува парламентарното мнозинство кон носењето на овој закон. Една реплика и тоа во насока на годишните одмори, ништо повеќе. Не е почититуван колега само годишниот одмор. Овде се кратат права на работниците, нешто што е историски стекнато. За правата на работниците имало многу револуции во минатото. И сега ние во 21 век, наместо да одиме напред, со крупни чекори се враќаме назад.

За жал, почитувани колеги пратеници, наверојатно во еуфоријата дека опозицијата не е присутна и треба да ги донесете законите, стотина по ред и што е можно повеќе да ја

одалечите Македонија од Европската унија, заборавивте да го прочитате и законот. Па токму поради тоа да почнеме по ред.

Имено, членот 76 од постојниот Закон барем до некаде, каде што се решава отказот, имаше еден член кој што вели:"Работодавачот е должен во случај на откажување на договорот за вработување да провери дали е можно да го вработи работникот по променети услови на други работни места", Тоа сега се укинува, значи немаме повеќе можност, едноставно се дава можност на работодавачот да постапува онака како што тој мисли.

До сега многу мои колеги дебатираа и се ослонуваа на членот 98 од стариот Закон за работни односи каде што беше дека ако работодавачот го откаже договорот за работата на работникот поради деловни причини, работодавачот не може на истите работи, со иста стручна подготовка и занимање да вработи друг работник во рок од една година од престануванокот на работата. Сега, почитувани колеги, може уште другиот ден да вработи. И мене ми е многу јасно и разбирливо зошто тоа го правите. Она истото што го правеше еден голем "Владетел од една наша соседна северна сосетка" да вработи 50, 100, 500, илјада партиски војници сега тоа го правите и вие. Но тој многу неславно заврши и не е страшно што тој заврши неславно. Но страшно е што и неговата земја во тој период заврши неславно и многу луѓе страдаат се уште поради неговата политика.

Размислете добро, со отпуштање на сите оние од работа што не мислат како вас и така досега луѓето се изложени на невидени притисоци. Сите вработени во јавната администрација, во здравство, во образование, наука, култура кои што не се членови на ВМРО ДПМНЕ и кои не размислуваат како вас, со одговорност тврдам, дека се изложени на невидени притисоци. Ова е можност за уште еден притисок, дека ќе бидат отпуштени од работа. Размислете добро дека ова не е добро, не е здраво за демократијата на Република Македонија. Мислам дека многу брзо ќе ја увидите грешката и нема овој член, што е апсолутно наменски ставен во Законот да го користите за отпуштање на сите кои не мислат како вас и за вработување на партиски кадри и лепачи на плакати.

Почитувани колеги пратеници,

Уште една работа доста загрижувачки во овој закон, тоа е договорот за вработување што и сега не беше добро решение, да некој оди со договор за вработување 4 години, не е мал период да има неизвесност што понатаму ќе се случи со него и дали секој ден ќе мисли дали ќе продолжи да работи за да обезбеди егзистенција на своите деца. Меѓутоа сега, наместо да подобриме, наместо да предлагаме да тоа биде укинато или што е можно помалку, сега се зголемува на 5 години.

Околу годишниот одмор, веќе доста беше говорено. И јас ќе кажам, не сум изненадена околу намалувањето на времетраењето на годишниот одмор, односно давање можност на работодавците да тие одлучуваат колку ќе им дадат годишен одмор на вработените, па по толку многу празници што ги воведе со Законот за празниците Владата на ВМРО ДПМНЕ, многу логично е да сега, на вработените им го намали правото на годишен одмор и тие да треба да празнуваат и чествуваат, не да се одмараат кога тие ќе посакаат, туку тогаш кога ќе им наложи Владата на ВМРО ДПМНЕ.

Мислам дека не е добро за работничките права да имаме работи што се по желбата на Владата, а не кои одат во корист на работниците.

Меѓу најспорните членови ќе го спомнам за работа во трета смена. Навистина, не знам дали некаде во светот има вакво законско решение да работодавачот може да одреди работникот да работи цело време исклучиво во трета смена. Ве молам колеги пратеници добро размислете, затоа што секогаш кога ќе останеме овде да работиме цела ноќ, другиот ден сите кажуваме дека се чуствуваме лошо, изморено и дека не можеме да ги следиме законите, барем овие што ги следат. Оние што не ги следат и во текот на седницата по малку си отспиваат. Но тоа не е толку битно сега во Законот за работни односи.

Ве молам почитувани колеги пратеници, дајте да им дадеме можност, оние кои ќе бидат засегнати на кои во овој момент и понатаму ќе се однесува овој закон, работниците и синдикатот да го кажат своето мислење. Зошто да дозволиме да ни се случуваат штрајкови, зошто да не делуваме превентивно, а потоа да мораме да ги лекуваме штетите што ќе бидат нанесени со овој закон.

Ве молам размислете добро пред да гласате. Ова е штетен закон за Република Македонија, ова е штетен закон за работниците, овој закон оди во прилог на работодавачите и тоа во прилог кој што и ним не би требало да им одговара доколку имаат совест и овој закон само ќе ја врати Република Македонија не еден век, не два, туку како што реков во робовладетелското општество. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За збор се јави пратеник Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам потпретседателке.

Почитувани колеги пратеници, поаѓајќи од уставниот принцип на владеење на правото и почитување на човековите права по измените и дополнувањата на Законот за работни односи ќе настапам со констатација дека истите не треба да се прифатат од причини што овие измени се спротивни со Уставот на Република Македонија со нормите и препораките на Европската унија односно препораките на Меѓународната организација на трудот.

Кратко ќе говорам или ќе се осврнам на вградувањето на конвенциите на заштита на работодавачите меѓутоа и за заштита на работниците, а тоа е конвенцијата 158 и

препораката број 166 од Меѓународната организација на трудот кои целосно треба да бидат вградени во Законот за работни односи. Во овој случај нешто е подобро да спречиме отколку потоа да го лечиме. Затоа ќе се обидам да искоментирам одредени членови на предлог на измените на законот кои во јавноста во изминатиот период предизвикаа големи реакции, како од страна на Сојузот на синдикати на Македонија, така од страна на голем број експерти кои укажаа на катастрофалниот текст на овој закон што резултираше со непотпишување од страна на претседателот на Република Македонија. И после ова наместо Владата да се обиде да го подобри текстот, наместо претседателот на Собранието на дозволи амандмани со кои исто така ќе се подобри ова предлог законско решение се сака да се изгласа како и во моментот кога се носеше тајно по итна постапка и без никаква дискусија. Се донесе со светлосна брзина со која власта го измени законот односно ги скрати правата на работниците, при тоа тешко дека на тој начин ќе го забрзат патот за подобар живот што го најавувавте во текот на предизборната кампања. Колку и да беа добри намерите на Владата со носењето на овој закон како што тврдат оттаму се јавува сомнеж поради тајноста, итноста со која се направија измените. Ниту еден пратеник од владеачкото мнозинство не најде за сходно да отвори дискусија да искритикува. Ваквите закони во другите земји се креираат со месеци. Се отвора дискусија, учествуваат синдикатите, работниците, јавноста, работодавачите. Се организираат трибини, јавни дискусии, се презентираат истражувања, се бараат предлози. Во случајот, не беа консултирани синдикалците, работодавачите ниту пак расправаше Економско-социјалниот совет.

Ќе говорам за неколку членови и ќе се обидам да дадам одредени коментари за истите.

На пример, членот 46 - при склучување на договори за работење многу е битно да бидат предвидени соодветните гарнции при прибегнување кон договори за вработување на одреден временски период на кој упатуваат и препораките и конвенциите на Меѓународната организација на трудот. Во договорите треба да бидат внесени обемот и начинот на истражување на работните обврски и платата, договорот на определено време обично треба да се склучува за работни места кои не се со постојан карактер. Наместо намалување на две години како што бараат од Сојузот на синдикатите зацврстување на работниот и социјалниот статус на работниците, вие предлагате зголемување на пет години на определено време кое предизвикува голема несигурност кај работниците, доаѓа до политички злоупотреби особено во јавните претпријатија и се избегнува трансформирањето на работникот од определено на неопределено време. Затоа овој член не треба да се менува.

Во членот 72 ставот 2, а истиот се однесува кога работодавецот има намера да го раскине работниот однос со работниците од економски-технолошки-структурни промени тоа треба да го направи на една одредена постапка со која ќе ги ублажи штетните последици односно на работниците би им се понудило склучување на променет договор или исплата на адекватна компензација или некој друг надоместок кој ќе се смета за соодветен. Работникот има право на соодветен разумен отказен рок, право на опремнина и некој сличен надоместок чиј износ ќе зависи меѓудругото од работниот стаж и висината на платата работодавачот е должен покрај другото да ги извести надлежните органи со давање на реални информации.

Со бришењето на ставот 2 од членот 76 кој е спротивен на тоа да заинтересираните страни треба да настојуваат да го спречат или колку што е можно да го сведат на минимум бидејќи престанувањето на работниот однос како и ублажувањето на негативните ефекти за самите работници или за самиот заинтересиран работник. Во мерките кои треба да се превземат треба да се бара природно смалување на работната сила, интерни трансфери, оспособување и преквалификација, доброволно заминување во пензија, а не ваков начин преку едно законско решение кое се нуди. Сето ова е регулирано во точката 21 од Препората број 166 која носи наслов Препорака за престанок на работниот однос по иницијатива на работодавачот, а е донесен од Меѓународната организација на трудот во Женева на 67-то заседание. Нашата држава е обврзна да ја почитува оваа порака и врз основа на се горе кажаното илузорно е да се бирше ваквиот став. Токму од тие причини односно можноста да се провери дали е можно работникот да се вработи под други променети услови, да се доквалификува и преквалификува овој член треба да остане.

Со членот 6, се предлага да се брише членот 98 од постоечкиот закон, но истиот треба да остане од причини што исто така во препораките на Меѓународната организација на трудот број 166 точка 24 повторно јасно е дефиниран приоритетот при повторно вработување на работници на кои им престанал работниот однос од економски, технолошки и структурни или слични промени. Ограничувањето може да биде само за еден одреден период така да излишно е за зборуваме дека рокот од една година е преголем. Со тоа ќе се спречи злоупотребата и суетата на работодавачите односно понижувањето на работниците, ќе се спречи партискиот реваншизам кој во моментот на големо во јавната администрација се спроведува со тенденција дека преку ваквото законско решение сите неистомисленици по еден законски пат ќе бидат отстранети од работа.

Во членот 11, каде што се предлага да се избрише втората реченица од членот 128 не треба да се бриши од причини што при сменската работа секоја смена трае најдолго една работна недела. Со тоа се постигнува ефикасна работа

однапред се знае распоредот и времето на работа на секој работник без можност работодавачот да го злоупотреби работникот и да работи постојано само ноќе. Ќе ви посочам само еден пример карактеристичен за Битола и во текстилната индустрија каде што работниците не само што работеа ноќна смена туку работеа и на државен празник при што дојде и до повреда на претставници на медиумите. Господ нека им е напомош од денес натаму на тие работници.

Во членот 13, од предлогот се прават измени на тоа да годишниот одмор е право на работникот кој во текот на една календарска година треба да го искористи со предлог да се сведе на минимум од 20 дена. Рамката на користење на годишен одмор од 20 до 26 работни дена треба да биде заснована на одредени критериуми со колективен договор врз основа на кој ќе може да се утвди должината на годишниот одмор на секој работник поврзана со тежината на работното место, условите, стручноста, социјалната карта на работникот, здравствената способност и друго. За одредени професии должината на годишниот одмор законски може да биде и зголемена соодветно со тежината и условие на кои работат. Ако веќе толку сакаме да го спроведиме овој закон и колегите од СДСМ посочија и одредени земји каде што таквиот годишен одмор го имаат многу повеќе отколку кај нас.

Со предлогот на членовите 253, 254 и 255 да се брише главата 24 односно работната книшка да се исфрли од употреба не е прифатливо затоа што секој работник треба да има работна книшка во која ќе се внесат исклучиво податоците од неговата стручна подтотовка, времето на заснивање на работниот однос итн.

Немањето увид дали работодавецот ги плаќа придонесите за вработените се дел од измените кои одат на полошо. Сега со право можеме да очекуваме дека работниците работодавачите во некои дејности да бидат одушевени кога ќе откријат дека законодавецот се потрудил да ги исфрли сите ограничувања и работењето по ноќната смена.

Но најстрашно од се во овој закон е тоа што немаме дијалог со социјланите партнери, со синдикатот и работодавачите. Само со дијалог и со компромис ќе дадеме допринос за заштита на работничките права. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Благодарам госпоѓо потпретседател и моите честитки за изборот и успешно водење на седниците на Парламентот.

Искрено се двоумев дали воопшто да учествувам во дебатата после ставот на парламентарното мнозинство дека не можеме да поднесуваме амандмани, мислам дека е депласирано дури и да се говори по текстот на законот затоа што едноставно разговараме односно ние овде говориме, а немаме шанса да водиме дијалог, а пратениците од парламентарното мнозинство не чувствуваат потреба, претставник на Влада нема, но ако сум сигурен дека на овој начин не можам ништо да променам имам обврска барем пред граѓаните и преди избирачите во име на Нова социјалдемократска парија да кажам што ние мислиме за овој закон. Навистина е штета што ваков закон се носи во ваква процедура мислам дека на стартот на мандатот на ова парламентарно Собрание воведуваме лоша пракса. Јас во принцип во сите овие години на моето парламентарно искуство овде во Собранието постојано укажувам дека е штетно за демократијата да се носат закони по скратена постапка, уште повеќе штетно кога станува збор за закони кои задираат во суштината на нашиот политички систем и во, јас би рекол, во стабилноста на општествените односи кои што ги градиме како што е Законот за работните односи.

Овој е еден од фундаменталните закони кој што ја определува положбата на работникот во македонското општество и се разбира директно поврзани со своите права и слободи. Наспроти она што се случува во Европа кон кое што се стремиме, нели, мораме да го хомогенизираме нашето законодавство со европското и оној процес што е таму присутен на зголемување на правата на работниците дури и намалување на работната недела, на работното време многу поголеми погодности државата издвојува за работниците во Македонија се случува реверзибилен процес. Значи имаме процес на враќање кон постулатите кои што Западна Европа ги надмина ги остави зад себе пред многу години. Значи морам да констатирам дека со овој закон точно е посочено во ставовите во мислењето на Синдикатот кој што ги подржува во целина дека сериозно се влошува положбата на работникот. Се намалуваат неговите права од работниот однос и неговата економска положба сериозно е влошена и како граѓанин на Република Македонија доведен до нерамноправна положба со сите други кои што живеат од својот труд. Но, не сме во состојба со амандмани тоа да го подобриме и јас сакам да верувам дека барем во некое следно јас би рекол поодговорно претресување на законот и можните согледувања на сите овие можни импликации од одредбите кои што ќе го проектираат животот на работникот ќе се согледа дека има многу нелогичности неправилности и дека Владата претпоставувам дека ќе предложи измени и дополнувања на законот во смисла како што тоа и моите колеги од опозицијата говореа, но пред се онака како што укажува Синдикатот во своето мислење кое што е доставено до сите нас како пратеници. Само за илустрација за недоследноста јас би рекол на политиката на оваа Влада нека послужи еве претходната точка, темите во сферите на енергетиката што ги покренува оваа Влада е типично мислам за десна Влада, овој закон е карактеристичен за влади со десна политичка ориентација бидејќи за сметка на работодавачите се влошува положбата на

работниците, но во сферата на енергетиката имавме сосема друг пристап. Дали од прагматични економски интереси, но таму се имаше пристап, јас би рекол социјалистички-социјалдемократски. Во Европа партиите со социјалистича и социјалдемократска ориентација некогаш идат кон подржуавување или национализација на тие ресурси, на тие капацитети овде во Македонија сега имаме обратно она што го прават на запад партиите со социјалистичка и социјалдемократска ориентација, кај нас го прави партија со десна ориентација. Но, тоа е многу провидно, мислам дека со текот на времето ќе се покаже тоа и мислам дека Владата самата ќе ја увиди својата грешка. Мислам дека само низ призмата како се однесува Владата кон државната администрација, а како со овој закон пред се ја влошува положбата на луѓето во процесот на производство, бидејќи таму се говори за трета смена и можноста некој работник да работи постојано во трета смена, правото од работниот однос, одморот па ако сакате отказот, начинот на кој може да се ослободи работодавачот од работникот, говорат за една крајна недоследност на Владата во својата политика кон луѓето кои живеат од својот труд. Да бидам многу конкретен. Владата одлучи да се зголемат платите на административците односно на административните работници за следните години од 30 до 34% или според пресметки некои во Владата за во текот на 2009 година за плати на луѓето во администрацијата Владата ќе издвои вкупно 544 милиони евра. Значи, ако сегашната сума од 406 милиони се зголеми за 34% како што се предвидува зголемувањето на платите ќе се добие бројка од дополнителни 130 милиони евра. И уште ако се знае дека Владата наговести во 2010 година под строго определени услови во државните институции ќе се вработат уште 2.500 лица можете да замислите кој дел од националниот доход ќе се влее во администрацијата, а во исто време говориме во каква тешка положба ќе се најдат работниците во сферата на производството, услужните дејности и се она што го карактеризира работникот кој што живее од својот труд. Значи, ако сакаме да бидеме одговорни како држава, за овавките процеси мислам дека е неопходно да функционира системот. А кај нас ситемот ќе функционира ако седнат на маса разговараат социјалните партнери, ние тогаш ќе имаме и стабилни социјални односи, а мислам дека ќе имаме и стабилни општествени односи. Па да видат да не биде ниту еден од социјалните партнери во привилегирана положба туку се да зависи од знаењето, инвентивноста, креативноста и трудот на човекот во процесот на производството или ако сакате во сферата на услужните дејности, апсолутно во сферата на општествените односи.

Значи, не смее да се случи за ваков закон Синдикатот и работниците да дознаваат од медимуите бидејќи немаат друга шанса, Собранието, парламентарното мнозинство се определи за таков пристап да го донесе што би се рекло тајно и јас сум склон да верувам ова што многумина особено господинот Жерновски го потенцира дека на мала врата сакаме максимално да го партизираме македонското општество и сите оние кои под форма или под фирма на ветување за вработување или огромни вработувања пред изборите, ќе треба да го реализираат тоа ветување преку инструментите што ги определува ова општество, односно што ги определува оваа Влада и парламентарното мнозинство со овој закон.

Да не говорам на памет, бев пред некој ден во Крива Паланка, ми кажаа дека 11 луѓе се примени во Домот на култура. Таму нема работа ниту за двајца луѓе, а уште 11 се примени, дури има и некоја информација дека ќе бидат уште 7-8 луѓе примени сега. Се разбира, на кој начин ќе бидат распоредувани понатаму. Овој закон сосема јасно создава простор за вработување надвор од реалните можности од производството, услугите и се она што значи економски потенцијал на Република Македонија.

Значи колку да сакаме да го сокриеме тоа, начинот на кој е донесен овој закон практично говори дека има скриена намера. Ако се нема скриени намери, законот ќе беше донесен транспарентно за она за што се залага и господин Груевски постојано и мислам Собранието треба да делува на тој начин како највисок законодавен дом, јас би рекол како гаранција на положбата на луѓето, на човекот во нашиот систем и практично да учествуваат сите општествени партиципиенти, во овој случај работниците, работодавачите, Владата, Комората итн, да може да се донесат закони кои ќе проектираат социјално општество какво што сме го зацртале со Уставот.

На овој начн мислам дека на мала врата се турка нешто кое нешто работникот објективно, во наши услови, го враќа можеби во периодот, некои рекоа во феудалното општество, мислам дека не претерувам ако кажам дека ние со овој закон ги ставаме работниците во улога на безкрупулозна експлоатација од страна на работодавачите и нивните права практично се на почетокот на раниот капитализам, на дивиот капитализам кога практично работникот беше третиран како средство, а не како работна сила.

Затоа сум уверен дека, барем дел од овие аргументи за кои опозицијата говореше овој ден, ќе допрат и до министерот за труд и социјална политика и до Владата барем ако ништо друго, ако не можеме да го и змениме, ќе биде како можност идеа да покренат некоја иницијатива работите да се доведат во ред. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Горан Сугарески, повелете.

**Горан Сугарески:** Благодарам почитувана потпретседателке, почитувани пратеници,

Сакам да наведам неколку од многуте причини зошто не треба да се донесе овој закон.

Измените во Законот за работните односи се исклучиво обврска на Агенцијата за вработување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Фондот за здравствено осигурување задолжително да му достават примерок на работникот пријавата и одјавата за социјално осигурување.

На овој начин работникот нема да има документ и континуиран увид за тоа дали работодавачот ги исполнува законските обврски за негово задолжително социјално осигурување.

Многу е лоша измената да се продолжи рокот на склучување на договор за вработување на определено време од 4 на 5 години.

Согласно Меѓународните конвенции работниот однос на неопределено време претставува правило, а само во исклучителни случаеви се применува институтот засновање на работен однос на определено време. Затоа се залагаме за пократок рок на склучување договори за вработување на определено време за да не се случи новите вработувања во државата да бидат најчесто на определено време со што се зголемува и несигурноста за материјалната положба на вработените.

Бараме да се брише обврската при отказ од деловни причини работодавачот да му понуди на работникот договор за вработување под променети услови односно доквлаификација и преквалификација што во праксата се применуваше.На овој начин се кршат одредбите од Меѓународните конвенции и препораките под број 1/66.

Со бришењето на обврската на работодавачот да не вработува нови работници во рок од една година при прогласување на технолошки вишок се губи смислата и објективниот карактер на воведување отказ од деловни причини.

Работодавачот сега ќе може секого да го избрка и другиот ден да прими друг работник, што е исто така спротивно на одредени препораки за престанок на работниот однос по иницијатива на работодавачот.

Сега се овозможува работодавачот да му наложи на работникот неограничено да работи во ноќна смена, што е во спротивност со новиот Закон за безбедност и здравје.

Годишниот одмор со Законот е сведен на 20 дена наместо претходните од 20 до 26 работни дена. Се остава волја на работодавачот дали ќе му дозволи на некој од работниците да користи 26 работни дена. Поаѓајки од бројот на невработените и се потешките можности за вработување, работникот најмалку ќе го гледа договорот за вработување во делот на годишниот одмор. Тука можеме да ги земеме примерите со сите држави во Европската унија конкретно во Австрија каде на работниците им се доделуваат повеќе од 30 дена, Белгијците некаде околу 28 дена исто така и Германците. Во Шветска секој работник добива по 25 дена годишен одмор.

И покрај тоа што со членот 32 од Уставот на Република Македонија правото на платен годишен одмор е неотуѓиво право од кое вработените не можат да се откажат, законодавецот дал можност работодавачот да му го ускрати правото на годишен одмор на работникот, а за тоа да му даде минимално обештетување.

Исклучувањето на работната книшка како јавен документ со која единствено се водеше евиденција за засновање, траење и престанок на работниот однос и воспоставување на електронска евиденција во рок од два месеци е недопустиво и неизведливо.

Рокот од два месеци е премногу краток, а за работниците ќе се создадат тешки административни последици и тие не ќе можат на време да обезбедат документи за остварување на важни права како што се пред се правото на пензија, правото на паричен надоместок, правото на здравствено осигурување и слично.

Досегашната пракса покажа дека утврдувањето на кратки рокови во законите скоро без исклучок создавало проблеми, а ништо не се постигнало побрзо и поефикасно.

За донесувањето на овој закон исто така треба да има јавна расправа во која ќе учествуваат Сојузот на Синдикатите на Македонија како социјален партнер. По овој закон исто таке треба да расправа Економско социјалниот совет, а потоа да дојде овде во собраниска процедура.

Законот за работни односи е устав за работниците и неговото носење како до сега без расправа и консултација со социјалните партнери е непримерно за демократските држави.

Ако веќе сакаме да се споредуваме со европските земји овие закони не се носат преку ноќ, се креираат со месеци, а во нив учествуваат синдикатите, работниците, јавноста и работодавачите. Се организираат трибини, јавни дискусии, се презентираат истражувања, се бараат предлози. Нашата јавност не само што беше исклучена од сето тоа, туку овде во оваа ситуација беа прескокнати уставните процедури. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Чудна расправа водиме денеска без предлагач, без можност за амандмани, без, би рекол, констуктивен дијалог и без слух за правата на работниците.

Во врска со предложените измени и дополнувања на Законот за работни односи многу е впечатливо дека предлагачот односно Владата реформите на пазарот на трудот ги прави со закони кои воопшто не се дизајнирани за да ги заштитат работниците од арбитрирани и не фер или дискриминаторски постапки од страна на работодавците. Ова е еден таков закон.

Повикувањето на усогласување со Уставот во принцип секогаш е задолжително, значи да, меѓутоа, не да служи само како покритие на задскриени мотиви на сметка на нови суштински прекршувања на Уставот особено во делот на работните односи.

При тоа во една итна постапка се предлагаат неуставни одредби особено во деловите кои се однесуваат на правата на годишниот одмор, зголемувањето на правата на законодавецот односно работодавачот до степен на слобода да се злоупотреби делот на бесконечното дообликување на заснивањето на правата на работен однос на неопределено време.

Почитувани колеги, дали има некој во оваа држава кој не знае дека голем број на луѓе, голем број на вработени лица работат со години или повеќе од 4 години на определено време. Најголемите критики ги добиваме од нив зошто тоа не се регулира. Наместо тоа да биде регулирано во овој закон повторно гледаме дека се крши и тој рок од 4 поминува на 5 години. Навистина е така, цела Македонија знае зошто или се прашува зошто овој рок од 4 години се зголемува на 5 години.

Давањето на законска слобода на работодавачите неограничено да ги експлоатираат вработените со ноќни смени, да отпуштаат од работа и веднаш утре дента ако сакаат на исто место со исти квалификации да примаат нов работник, да ја укинат контролата од страна на вработените преку укинување на правото за увид во примерокот односно пријавата или одјавата за социјално осигурување и т.н. Со еден збор Владата преку измените и дополнувањата на овој Закон за работни односи во една неразбирливо итна постапка нивото во односите, во сферата на пазарот на трудот ги сведува на рамниште на жими мајка.

Почитувани колеги, јас знам дека сите овие дискусии кои денеска ги слушате вие, можеби не смеат да допрат до вас, меѓутоа, ова е глас на работниците. Во овој изминат период тие беа и секогаш се на страна на вистинската страна. Зошто овој пат не бидете и вие со нив? Јас знам дека партискиот став е приоритет број еден можеби за секој пратеник, меѓутоа, недопуштено е заради низа би рекол пропагандни активности чија единствена цел е дневна политика или дневно политички ќар да се очекува подобрување на деловната клима во Република Македонија во иднина. Мислам дека е крајно време да се запрашаме сите ние каде се синдикатите? Каде е Синдикатот или каде се организациите кои што токму вие во изборната кампања ги зборувавте како што е економско социјалниот Совет. Тоа трипартитно тело требаше да биде тело кое ќе ги корегира сите овие работи за кои што ние денеска зборуваме. Тело во кое што ќе учествуваше Владата, Синдикатот и работодавците. Меѓутоа, тоа го нема, тоа го има само за избори и во итна постапка се менуваат цели закони, гледаме, а Синдикатот притоа што и да каже, што и да напише се маргинализира до крајност.

Дали беше мала вчерашната порака на господинот Маер дека Република Македонија се повеќе се одалечува од Брисел. Каква посилна порака да ни пратат. Со овој закон ние сме еден чекор поназад од она што сме денеска. Затоа барам добро да се размисли кое копче ќе го притиснеме ние на крајот.

Факт е дека законодавството што ја регулира оваа сфера, сферата на работните односи треба да претрпи определени измени, но исклучиво во правец на подобрување, а никако во правец на влошување на состојбите како што е примерот со понудените измени и дополнувања.

Факт е дека со понудените измени и дополнувања ниту ќе се имплементираат одлуките на Уставниот суд на Република Македонија, ниту ќе се подобри деловната клима во државата, ниту пак ќе се доближиме до препораките на Европската унија и законодавствата на државите кои имаат навистина добри примери во оваа сфера. Ова брзање, итање со постапката е исклучиво само можност амандмански да се корегира предлогот и навистина законот може да ветува само едно,а тоа е да имаме ние во Република Македонија еден нов многу полош закон со уставни празнини, закон за работни односи кој што многу брзо времето ќе поакже дека е многу полош од овој што го имаме денес.

Значи, очекувам дека ќе следува еден период на сериозна обесправеност на работниците и секако се разбира за жал, цената на ова што денеска ние нејќеме по ниеден основ да го видиме, а броејќи ги присутните пратеници во оваа сала нити пак да слушнеме за што всушност станува збор, цената на ова политичко би рекол, извинете на израз, слепило и наетлива брзоплетост, ни криви ни должни нема кој друг да го платат освен работниците во Република Македонија. И се разбира тој најголем дел на кој што почива стопанството во Република Македонија, уште ќе претрпи, ќе доживее уште еден сериозен би рекол удар и тоа само заради тоа што некој донел одлука дека така треба да биде.

Овој закон, почитувани колеги сакале ние да признаеме или не, дали вие морате да го гласате или не не е јасно, или би можел да се претстави како нејасен, и заради тоа што во самиот закон на неколку места се спменува поимот појасност, па ве молам дали предлагачот под тој поим мислел на широко појасна опфатност на законот, или пак сакал да појасни нешто што сметал дека е недоволно јасно, меѓутоа едно е сигурно, јас тврдам дека ни авторот не знае што значи поимот појасност.

Уште еднаш ве замолувам да размислите дали навистина овој закон треба да биде подржан од страна на овој наш дом, или пак треба сите едногласно да го отрфлиме, да го донесеме во една редовна постпка каде што ќе може и Владата и ние пратениците и Синдикатот и

работодавците да го кажат својот збор и сето она што ќе го дебатираме помеѓу нас да го имплементираме, да го запишеме и се разбира на заедничка добит, корист истиот го донесме.

Ценам дека нема потреба, апсолутно нема потреба од брзање, мислам дека само може да имаме штета со носење на овој закон. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор пратеникот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Потпретседателке, почитувани колеги пратеници,

Пред нас е едно скандалозно законско решение, кое дефинитивно го заокружува денешниот ден каде со серија на законски прописи Република Македонија и така го урнува и според мене веќе срушениот имиџ на држава во која барем имаше трунка надеж дека можат работите да се променат на подобро.

Очигледно дека провокацијата која ја прави Владата кон синдикатите, е и тест на подготвеноста и на опозицијата и на синдикатите да пружат соодветен отпор. Значи во сите други држави, ако на сличен начин некоја Валда би донела ваков работнички устав, бидејки Законот за работни односи е уставот за работниците, би имало серија од генерални штрајкови. Дали ќе најдат заеднички јазик, Сојузот на синдикатите со условно речено независната Унија на синдикати со конфедерацијата е прашање на време каде што дел од тие господа ќе треба да докажат не се продолжена рака или дека се поврзани со папочна врвца со ВМРО-ДПМНЕ. А дефинитивно сум убеден дека колегите се во право, мотивите за носење на ова законско решение се лукративни. ВМРО-ДПМНЕ треба да врати на портоколовата буржоазија што ја создаде дел од уделот што ја имаше до сега најгламарузната кампања во Република Македонија. Дали се потрошени 40 или 50 милиони евра, некоја анкетна комисија се надевам наскоро ќе испитува во ова Собрание, затоа што друго нема, ако сакаме да градиме демократија, ако баравте да се врати опозицијата во Парламентот ќе бидете соочени веројатно со едно такво барање, бидејки евидентно е дека не се дава отчет за финансирањето на гламорозната кампања на ВМРО-ДПМНЕ . Но станува јасно, дека дел од новите буржуи како што е колегата Ратко Димитровски се задоволни со ваквите решенија. Веројатно ќе компензираат на овој начин во Европа 92 за печатењето на милионите примероци од онаа надградена и реформирана Преродба на Република Македонија како што и кај другите условно речено портокалови буржуи кои се создаваат ќе треба да бидат вратени дел од концесиите кои се направени.

Но, она што е најтрагично како што беше направена чистката во државната администрација евидентно е дека има едно мрачно сценарио за вршење притисок, за отпуштање од работа на сите оние кои посебно во помалите места кои работат да речеме во некои од текстилните фабрики се веќе дефинирани како поборници на опозицијата. Евидентно е, значи нашите информации говорат, не се потврдени, ние на расправите кои се претстојат бидејќи сега се вративме во Парламентот, ќе докажеме дека ВМРО ДПМНЕ и покрај силната подршка на последните парламентарни избори дел со изнуда, дел со изборни манипулации обезбеди дополнителен квантум од гласови кој е веќе некаде меѓу 80 и 100 илјади. Дел од таа подршка се должи на фиктивните вработувања. За нив говореа дел од колегите, значи имаше сериозен притисок за во помали места, говореше колегата Петковски за случајот во Крива Паланка, ќе презентираме да речеме случајот во Демир Капија каде што во центарот за рехабилитација на деца со посебни потреби, ако досега имаше 70 вработени во предизборната кампања дојдоа уште 70 ново примени ВМРО-овци на кои им беше ветувано дека ќе останат на работа. Значи за да можат тие да останат на работа. За да можат овие 25 илјади невработени, армија која гледаше спас во ова мото, дојди гласај за нас па ќе имаш парче леб, веројатно се дел од решението каде што времените вработувања или веќе подзаборавените договори за дело кои ги трансформиравме во договори за работа на определено време. Сега ги зголемуваме не од две години, до 5 години. Значи сите овие кои сега ги примивте ќе бидат условно речено вашето потенцијално гласачко тело и на изборите кои ќе бидат дури во 2013 година.

Второ, очигледно е дека вешто манипулира потписникот на барањето за итност во донесувањето на вакво законско решение. Во конкретниот случај заменикот претседател на Владата на Република Македонија,кој обидувајќи се да ја оправда итноста и зошто нема нормална дебата пред се со синдикатите, па ако треба и со вашите синдикати, бидејќи очигледно е дека направивте ваши синдикати и верувам дека еден господин со иницијали Д.Ц. ќе црвенее кога ќе види што се случува и што прави оваа власт и која условно речено не само што ги потпомага портокаловите буржуи, кои се етаблирани во една посебна комора, туку ги помага условно речено и црвените буржуи кои вие долго време ги плукавте како најголемото зло во оваа држава, а не како единствените успешни менаџери од многуте менаџери кои се најдоа на чело на компаниите кога почна процесот на приватизација. Но, како и да е, како што рече и некои од моите претходници, ова е типично десничарско или конзервативно решение кое треба да се подржи и тоа треба јасно и гласно да го знае македонската Влада. Ако претходно глумевте дека условно речено со популистички методи ќе ги штитите граѓаните од големите компании како ЕВН, Топлификација, Макпетрол, сега играте крајно десничарски, ги подржувате портокаловите буржуи и концесиите, експлоатацијата ќе биде на страна на работниците. Тоа треба да го знае условно

речено онаа работничка класа, оние работници кои останаа во Република Македонија , дека е ова вистинското лице на ВМРО ДПМНЕ и тука нема бегање. Тоа е нашата идеолошка разлика. Вие ќе бидете за вакво решение, ние ќе бараме понатаму соработка со синдикатите и ќе ги подржуваме сите нивни напори да дојде до измена на овие законски решенија. Затоа што сме убедени дека се спротивни на препораките на меѓународната организација на трудот. Овде предлагачот, заменик претседателот на Владата Ставрески вешто манипулира со препораки на меѓународната организација на трудот која има препорака само за еден член кој можеше да почека по опсежниот дијалог кој требаше да заврши на еден нормален демократски начин и во економскосоцијалниот совет на Владата каде што условно речено Владата ќе беше непристрасна и неутрална, ќе се обидуваше да ги гледа државните интереси, а тоа е пред се да создаде услови како Република Македонија да биде атрактивна бизнис дестинација, да ја подобри бизнис климата, но не да добие квалификации дека во Република Македонија за разлика од другите европски држави кон кои стремиме има дополнителна експлоатација на работниците. Ние тврдиме дека со намалувањето на годишниот одмор, со неоставањето на законска пречка некој постојано да работи во трета смена или со дефиницијата што е неработен ден и дека неделата по дефиниција не е ден за одмор се остава простор за дополнителна експлотација, а со тоа право пропорционално или обратно пропорционално не се остава простор за нови работни места. Бидејќи ние ако ја отвориме дебатата кои се европските достигнувања во делот на трудовото законодавство ќе говориме за намалување на работната недела, за намалување на бројот на задожителните часови, затоа што тоа е посреден начин да стумилираме нови вработувања, а не на ваков начин посебно онаму каде што знаеме дека и досега имаше експлоатација на трудот на работниците, посебно во текстилната индустрија даваме дополнителна можност на портокаловите буржуи и понатаму да ги експлоатираат работниците, да постигнуваат поголеми профити и да бидат елегантно рекетирани од ВМРО ДПМНЕ со разните концесии кои ќе следат и во иднина. Значи на овој начин дефинитивно не прифаќајќи дијалог, не со опозицијата, не прифаќајќи дијалог со работниците, ВМРО ДПМНЕ се става на страната на работодавачите. Тоа во ниту една нормална демократска држава не е улога на државата, не е улога на Владата. Значи во тој трипартитен дијалог мора Владата да биде не пристрасна, да создава услови пред се да се штитат правата на работниците согласно веќе усвоените стандарди кои во препораки ги дефинира на годишно ниво периодично меѓународната организација на трудот. И второ, да види зошто ние не сме доволно атрактивни за потенцијални странски инвестиции. Рековте дека тоа е височината на давачките што ги даваме просечно по глава на работник и затоа имаше серија на даночни мерки, намалување на придонесите кои требаше да одат во правец Македонија да биде поатрактивна, а не да биде атрактивна преку дополнителна експлоатација на работниците. Тоа е погрешна политика и ние како лево ориентирана партија, како опозиција со сите сили ќе соработуваме со синдидикатите да го срушиме овој концепт. Се надевам дека и вие брзо ќе сфатите како за стечајците дека сте погрешиле и дека тогаш ќе се придружите на напорите на оние кои ќе бидат пред Парламентот за да спасите жива глава, дека некој друг ќе треба да даде отчет кој ги земал парите и на кој начин треба да се реваншира сега од условно речено позиција на власт, а не на овој начин како што се обидувате без никаков дијалог без сериозна расправа да ја доведете во позиција пред се Република Македонија да доживее уште еден пораз. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика се јави Димитровски Ратко.

**Ратко Димитровски:** Благодарам потпретседателке.

Бев спомнат во дискусијата и се чуствувам дека е потребно да одговорам на колегата Бучковски, заради тоа што повеќе од очигледно е дека не само нему туку и на другите им смета ако некој во оваа држава работи и ако некој стекне на законски начин, а не го практикува она кое што кај нив се практикуваше во периодот кој што го цитирав во претходната реплика на незаконит начин, на нечесен начин, на некоректен начин на сметка на работниците за кои што сега леат крокодилски солзи, го стекнаа тоа богатство и ги создадоа оние олигарси кои што го упропастија целокупното стопанство во Република Македонија. Тоа е она колега Бучковски за кое што се прават измените во овој закон и со кој што закон уште повеќе ќе се заштитат работниците. Ќе ви кажам само еден пример. Еден ваш колега кој што направи од текстилните работници за кои што исто така леете солзи дојде кај мене човек од 65 години и бара за жена му помош затоа што 15 години не е запишан еден ден работен стаж. Со овие одредби сега истиот ден кога ќе се пријави мора да биде пријавена, мора да и биде укажано дека е пријавена во Заводот за вработување односно дека и се исплатени доприносите на било кој работник. Таквите работи со ова не се дозволиви сега. Токму заради тоа е направена измената која што никој од вас не ја спомна во делот на прекршочните одредби кои што се доста зголемени и кои што се според промените за законот за прекршоци во сите закони кои што ги донесувавме. И сосема да ве потсетам за една друга работа. Јас припаѓам на луѓето кои што вработуваат не сум како вас од оние кои што дојдоа во Кочани ветија 5000 вработувања за да веднаш после тоа уште 800 ги напуштат работните места и повторно го бараат спасот било по пазарите или надвор од Републиката, да одат во Италија или во други држави, било на легален или на нелегален начин.

Сосема за крај, да ве потсетам дека таквите како вас сега повеќе од гајле им е, дали ќе бидат овде, дали ќе бидат да се оправдуваат по судовите, дали ќе бидат на други места каде што ќе фаќаат врски и пријателства за да можат да го заташкаат она кое што со години го правеле наназад. За таквите како што вие сакате да ги прикажете мислам дека токму заради таквите измени кои што се донесуваат сега во законот, а за да се подобрат да бидат потранспаренти нештата за работникот. Немојте на овој начин да ги браните работниците. Има една изрека: доста ги браневте, работниците видоа каде сте што сте и како ги браните. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика се јави пратеникот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателке.

Значи, господине Димитровски вие сте типичен егземплар како се создава портокаловата буржуазија. Ќе потсетам на примерот што ќе го расправаме. Можеме да направиме уште една анкетна комисија. Како може условно речено спственик на една печатница да стане главен акционер во Државната поштенска банка додека ВМРО ДПМНЕ е на власт. Тоа ќе го расправаме, затоа што станата е дилема како што некој ја отвори дилемата дали сите овие пратеници што се овде освен првиот ред имаат дадено концесии и на кој начин се станати пратеници и како нивната лојалност се одржува. Кој има хипотеки, кој донирал и што донирал за време на кампањата колку печател, што печател и колку ќе треба да допечати. За тоа има време во следниот период ви стојам на располагање да разговараме. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Има збор господинот Станковиќ Емилијан, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам потпретседателке.

Ќе се обидам да не се повторувам во мојата дискусија да говорам експлицитно по делот на законот. Но, сакам да го кажам своето мислење на почетокот дека начинот на кој што се донесуваат сите закони кои што претседателот на државата го искористи своето уставно загарантирано право да не го потпише указот за нивно прогласување и начинот на кој што по трет пат овие закони се гласаат во Собранието, всушност покажуваат две работи кои што ВМРО ДПМНЕ ги прави во контунуитет.

Првата е класичната манифестација на сила или бруталност која секако е во тесна врска со опиеноста на ВМРО ДПМНЕ од бројката на пратеници кои ги освои на последните избори и мнозинството кое го има притоа оневозможувајќи и на опозицијата во континуитет со различно толкување на Деловникот, да се обиде да влијае на подобрување на текстот на законите кои што за жал по итна постапка ги предлага Владата кои што регулираат суштинска материја. И втората работа која што ВМРО ДПМНЕ исто така ја прави во континуитет има ненасушна потреба да се трка во потребата да направи што е можно повеќе преседани. Мислам дека не постои друг пример во Европа каде Закон за работни односи се носи без претходна расправа со синдикатите и без претходно да расправа економско социјалниот совет. Но, се гледа дека каравaнот си врви, ние ќе говориме, синдикатите ќе се бунат, но очигледно мнозинството од 63 пратеника не чуствува потреба ниту да дебатира, освен да реплицира тогаш кога ќе биде лично засегнат.

Ајде сега да одиме по предлог измените на законот кој што го предлага Владата и да видиме тоа што ќе значи во пракса.

Забелешката на Сојузот на синдикати на која што секако СДСМ како пратеничка група се приклучува е тргање на обврската на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Фондот за здравство да му даваат на секој вработен фотокопија за неговите документи за осигурување. Со предлог измените на законот за работни односи оваа обврска за работодавчите се укинува. На ваков начин Владата со сила сака да продуцира спорови пред судот бидејќи на работникот ако не му се плаќаат придонесите ќе нема механизам да има континуиран увид за тоа дали работодавецот ги исполнува сите законски обврски за негово задолжително социјално осигурување.

Втората промена која што е апсолутно чудна, е промената на времетраењето на договорите за определено време кои што досега беа 4, а сега ќе бидат со измените времетраењето ќе биде од 4 на 5 години. Мислам дека ова е антиуставна одредба од проста причина што правото на неопределен работен однос е уставно загарантирано право на секој граѓанин, додека работниот однос на определено време е исклучок и се применува во одредени ситуации кога работодавачот има неопходност од работници кои што ќе работат на определено време. И сега наместо Владата да оди чекор напред и да го смали времето, односно времетраењето на договорите на определено време да кажеме од 4 на 2, напротив го применува ригидниот став да се продолжи време траењето на договорите на определено време од 4 на 5 години.

Членот 6 е уште поголем апсурд. Значи се укинува преквалификацијата и доквалификацијата на работниците во случај кога работодавецот од деловни причини прави реорганизација. Значи секој работник го губи правото кога ќе му биде укинато работното место да му се направи преквалификација или доквалификација и да биде вработен од страна на работодавецот кој прави реорганизација на некое друго работно место. Дополнително во членот 6 се укинува и рокот од една година во која работодавецот кој отпуштил работници од деловни причини не смее да вработува на нивните места нови работници, и дополнително ако сака тоа да го стори предимство имаат оние кои што претходно се отпуштени поради деловни

причини. Тоа што се прави што ќе оди директно на штета на граѓаните. Меѓутоа мислам дека ВМРО ДПМНЕ тука има една друга скриена намера. Направивте ршум во органите на државната управа кои што вработувањата ги вршат согласно Законот за државни службеници па сега ви останаа јавните претпријатија каде што вработените немаат статус на државни службеници и нивните работни односи се регулираат согласно Законот за работни односи така да и таму ќе се пресметувате со политичките неистомисленици и истовремено ќе вработувате партиски војници. Мислам дека апсурдот го кажува уште повеќе членот 9 кој денот недела кој што е јасно дефиниран како ден за одмор и секаде во светот недела се подразбира дека е ден на одмор, таа формулација се заменува со ден на неделен одмор. Би сакал тука да цитирам еден пасус од колумната на предлагачот на законот, значи вицепремиерот Зоран Ставрески, колумната е од 01.08. 2008 година наречена закон за работни односи во која тој вели: " Со измените и дополнувањата на законот за работните односи усвоени во минатата недела значајно се подобрува ефикасноста на пазарот на работна сила во Република Македонија во насока на зголемување на флексибилноста во уредувањето на односите помеѓу работниците и работодавачите што е предуслов за креирање на нови работни места". Токму оваа одредба со укунувањето на недела експлицитно како ден на неделен одмор значи дека Владата всушност оди со многу поригиден став и оневозможува да има повеќе вработувања отколку што тоа го овозможува постоечкиот закон за работни односи. Да не говориме за ноќната смена која што согласно овие измени може да трае повеќе од 7 дена. Истовремено сакам да го коментирам членот 13 во кој што се утврдува дека годишниот одмор на работниците може да трае 20 дена, значи се укинува претходното законско решение задолжително да трае 26 дена, иако изготвувачот на Предлог законот вели дека со колективен договор може да се утврди и времетрањето на годишниот одмор да биде 26 дена. Замислете каков апсурд. Прво, колективни договори приватните работодавци имаат многу малку односно има многу малку приватни работодавци кои што склучиле колективни договори, а трагедијата да биде поголема Владата не сака да преговара со синдикатите за измените на законот за работни односи, а во исто време предвидува во одредбата во членот 13 во ставот 3 дека одморот може да трае и 26 дена ако така се утврди со колективниот договор.

Истовремено членот 24 ја укинува работничката книшка и истовремено во преодните и завршни одредби кои навистина не можам да сфатам на кои членови се однесуваат на постоечкиот закон што се прават измени и дополнувања, а тоа е членовите 30, 31 и 32, сето ова односно работниците ќе имаат електронска евиденција после два месеца од изгласување на овој закон. Само да ве потсетам дека на почетокот на неделава на Законодавно-правната комисија веќе стигнаа за изменување три-четири закони што претходно ВМРО-ДПМНЕ ги изгласа по итна постапка, што наводно беа измени од технички карактер, што веројатно се последица на брзањето на владеачкото мнозинство, што очигледно ќе биде случај и со Законот за работни односи бидејќи ова е голем пропуст затоа што преодните и завршни одредби, да повторам, на членовите 30, 31 и 32 не укажуваат кои одредби од постоечкиот Закон за работни односи се изменуваат или дополнуваат.

Сосема на крајот сакам да кажам дека потполно ве разбирам дека апсолутно не ве интересира што говори СДСМ. Очигледно не ве интересира тоа што говори Синдикатот и би сакал да ви предложам, можеби ќе беше подобро да го укинете членот во постоечкиот Закон за работни односи каде што го регулира Економскиот и социјален совет. Дали ќе ви беше полесно и мислам дека ќе отидовте чекор напред во ригидното третирање на оваа материја. И навистина не ми е јасно, односно мене ми е јасно, се потврди дека вашето наводно решавање на проблемот со стечајците всушност беше еден само обичен и гол популизам. Вие ниту мислите, ниту ќе мислите за работниците и граѓаните на Република Македонија.

И, ако си дозволам да ги градирам досега донесените закони по итна постапка, дополнително ставајќи ги во тоа градирање и овие пет чиј указ претседателот не ги потпиша, во делот на штетноста на последиците кои што ќе ги предизвика визави граѓаните донесеувањето на овие закони, мислам дека Законот за работни односи е апсолутен шампион. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор пратеник Шекеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Од први до четврти септември ако не се лажам една група на пратеници од македонското Собрание, мнозината од нив ќе бидат од мнозинството, се разбира, ќе има нова средба со нашите стари пријатели од Европскиот парламент. Значи истите пратеници кои веќе две години ги пишуваат извештаите за Македонија ќе имаат прилика повторно да се стетнат со своите стари колеги. Велам стари колеги, бидејќи мнозината од мнозинството се исти и ако се подготвува оваа делегација малку подобро од вообичаено ќе сврти некои од старите извештаи кои што ги пишуваше Европскиот парламент за Македонија и во 2006 и во 2007 и ќе видат дека многу работи се промениле, ама критиките подеднакво ги заслужуваме.

Имаше две крупни критики кои во 2006 година ги напиша тогашниот известувач за Македонија и сегашен Маер.

Едната, што на ВМРО-ДПМНЕ највеќе му пречеше и највеќе го болеше, тоа е нивната

одлука да направат коалиција со малцинската партија на етничките Албанци во Македонија и за тоа пратеникот Маер силно ја критикуваше власта во Македонија.

ВМРО-ДПМНЕ две години тврдеше дека не го згрешило тој тест, дека одлуката е вистинска, дека одлуката е паметна, две години им требаше ама сепак дојдоа на кажувањето на Маер. Ден денеска никој не ни одговори каде лежи одговорноста што две години Македонија добива негативни извештаи заради тоа, а сега после две години ВМРО-ДПМНЕ, што би рекле, си легна на брашно.

Имаше и втора голема критика која што мислам дека беше разбирлива, заради тоа што господинот Маер доаѓа од левицата од Европскиот парламетн и таа малку е порадикална, поекстремна, тој силно критикуваше уште во 2006 септември, дека власта не знае што значи економски и социјален дијалог и дека синдикатите се ставени на магрините и дека дијалогот со синдикатите не постои дури ни по најбитните закони. Тогаш, пратеникот Маер критикуваше заради тоа што нема ниту формални средби со Синдикатот и што се прави избор помеѓу попогодни и помалку погодни синдикати, меѓутоа денеска мислам дека критиката од страна на сите пратеници во Еворпскиот парламен, левица или десница, ќе биде дека Македонија социјалниот дијалог, кој што е дел и од нашиот Устав, целосно го заборавила.

Македонија ќе биде единствена европска држава, вчера говоревме за преседани светски денеска зборувам за преседан европски, која донела измени на Закон за работни односи без елементарен дијалог, без елементарна средба со синдикатите на Македонија. Ако се толку добри како што еден пратеник сега безуспешно се обидува да ни објасни дека овие измени биле добри за работниците, па Синдикатот и синдикатите требаше да го поздрават тоа, зошто Владата се плашеше или срамеше да седне на иста маса со синдикатите. Па нека го избере и тој синдикат која самата го подржуваше политички сите овие минати години.

Меѓутоа би сакала да се сконцентрирам на две прашања кои што сметам дека се инзвонредно спорни во овој закон и ќе се однесуваат на секој граѓанин во Македонија како на оние кои се вработени, така и на оние кои можеби денес имаат работа, каква таква, а утре ќе останат на улица. Во Законот за работни односи се прави сериозен упад и намалување на обичните елементарни највражни работнички парава. Еве неколку примери.

Значи, со неколку законски измени денеска или од утре или за осум дена во Македонија еден вработен ќе може да биде во ноќна смена постојано. Господа пратеници, ние овде работиме од 11,00 до 18,00 часот кој е поредовен, кој е помалку редовен, кој си ја врши работата, кој ги чита, кој не ги чита законите, меѓутоа знаеме дека е исклучок кога ќе треба да останеме до вечер. Е споредете ја вашата работа и споредете ја работата на некој вработен или во текстилна индустрија или во металска индустрија, кои работат во инзвонредно тешки услови за работа. Излезете на улица и кажете им на тие луѓе дека од утре заради Законот, кој го донесовте без ниту една дискусија, тие ќе можат секој ден, секоја недела да бидат ноќна смена.

Кога го прочитав ова решение во Законот и кога видов дека работодавецот, ако сака дури може да му го одземе одморот на вработениот и при тоа да плати нешто минимално, се прашав каде заврши приказната на ДПМНЕ дека е партија која ќе ги брани не само конзервативните вредности, туку и ќе го брани семејството, како институција во државата. Кое семејство и кои поколенија ќе растат како здрави, ако еден или двајцата вработени се секој ден, секоја недела и секој месец ноќна смена? Во кои услови ќе растат тие деца/ Или, а тоа е веќе еден страв кој што се создава особено кај жените, но и мажи кои се еманципирани или образовани, или пак се точни нивните тези дека ВМРО-ДПМНЕ, меѓудругото, не само што не се залага многу, многу за семејството, туку сака да ја врати Македонија на планот на популациона политика, на планот на родовата политика, децении назад и да им прати порака на сегашните и идни мајки дека е најдобро ако можат да останат без работ. Уутре ќе добиваат минимална пензија кога ќе направат одредена возраст ако имаат три деца, ама во меѓувреме нека не се мачат многу да учат, нека не бараат работа бидејќи ако најдат работа можеби ќе бидат ноќна смена неколку години по ред.

Е, за овие прашања, колеги пратеници, сметам дека немаме право на толку крупни разлики како легитимните разлики меѓу левица и десница. Кажете дека е тоа визијата што ја имате за Македонија. Да зборувате за семејство, а да ги терате родителите да бидат во ноќна смена секој ден од неделата.

Слична логика има и прашањето за бројот на работни денови. Значи, ако еден работодавец во нашиот Парламент тврди дека е овој закон добар за работниците, еве одговорете ми како овој закон може да биде добар за работниците кога им го намалува нивното право за редовен одмор на 20 дена? По ова прашање јас мислам дека Владата изигра дупла нула. Ниту се задоволни работодавачите, ниту се задоволни работниците. Ќе ви кажам зошто. Затоа што работодавачите не им се битни само овие 20 дена одмор или 21 или 22, работодавачите во Македонија се жалат заради тоа што бројот на неработни денови, заради бројните партиски и какви не празници, драстично го зголемивте.

Значи, со ваквата промена на бројот на денови на одмор не се задоволни работодавачите. бидеќи тие ќе имаат помалку реално работни денови до годината, а од друга страна не се задоволни ни работниците, бидејќи друго е да имате неработен ден во среда и да можете само

тој неработен ден да го земете, а друго е да имате неработен дек кој можете да го активирате тогаш кога ќе побарате право на одмор.

Значи, Владата во овој случај пресуди, не ми е битно што ова не им одговара на бизнисите во Република Македонија, ни ми е битно што тоа не им одговара на вработените и работниците, битно ми е моите партиски празници да ги престорам државни празници и да се покаже дека ВМРО-ДПМНЕ во оваа држава одлучува кога ќе одмараме, а кога ќе работиме.

Ова се неколку прашања кои што заедно со темите кои ги отворија претходните пратеници ќе имаат сериозно влијание на условите на кои што работат над 300 илјади вработени во Република Македонија. И ние прелесно дискутираме за намалуваме на нивните права. Точно е дека вие како дневница помалку би требало да се залагате, би требало да речете да ние сме на страна на работодавачите и тоа е тоа, сметаме дека бизнисот во Македонија ќе пркне. Да, ама ако бизнисот пркнуваше заради вашата наводно зголемена бизнис клима, вчера во Македонија немаше да се јави само една фирма заинтересирана за концесија на Скопскиот аеродром. Нели го преименуваа Скопскиот аеродром за да има поголем интерес за приватизација. Кој денеска може да сноси одговорност дека интересот е речиси нула. Ако бизнис климата во Македонија е навистина рекордна, како тоа четири сериозни реномирани многупопознати фирми во меѓувреме да се откажат од учество на тендерот? Зарем не гледате дека на површината на “Потемкиновите села” почнува да се покажува.

Но најголемиот проблем, според мене, е проблемот што ќе се создаде со работниците кои што во моментот се, како така, заштитени со Законот за работни односи. Од утре секој работодавач може особено на оние кои што имаат 60, 61 или 62 години да има даде отказ заради технолошки вишок и утре да вработи некој кој има 23, 24 години. Тоа ќе биде добро можеби за бизнисот, ама е катастрофа за државата.

И затоа денеска е ден кога трет пат ќе покажете дека ВМРО-ДПМНЕ пет пари не дава ниту за обичниот народ, ниту за работниците. Дека својата и туѓа олигархија во секој поглед и секој ден само повеќе ја јакне. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е изцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по законот е завршен.

Законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 87 пратеници, од нив за Законот гласаа 69 пратеници, од гласањето никој не се воздржа, против гласаа 18 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи.

Колеги пратеници од службите ми е сугерирано за една десетминутна пауза, со оглед дека некои пратеници што гласале, а се во салата не го регистрирало гласањето.

Значи, пауза десет минути.

(По паузата седницата продолжи во 17,14 часот)

**Светлана Јакимовска:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точката 20 - Закон за лобирање.**

Законот и дописот на претседателот на Република Македонија со кој известува дека не го потпишува Указаот за прогласување на законот ви се доставени.

Овој закон е ставен на дневен ред врз основа на член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија, а во врска со известувањето на претседателот на Република Македонија од 4 август 2008 година дека одлучил да не го потпишува указот за прогласување на овој закон.

Собранието согласно член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија повторно треба да го разгледа законот, односно само да го разгледа, бидејќи Законот е донесен.

Ве известувам дека на Законот за лобирање примени се 9 амандмани од пратениците Игор Ивановски, Марјанчо Николов, Емилијан Станковиќ, Цветанка Иванова, Јани Макрадули и Весна Бендевска. Согласно член 165 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија амандмани можат да се поднесуваат само на Предлог на закон. Во Деловникот не постои одредба од која произлегува право на пратеникот да поднесува амандмани на закон кој е веќе донесен и ставен на повторно разгледување на седница на Собранието согласно член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија. Со оглед на наведената одредба од Деловникот примените амандмани од пратениците Игор Ивановски, Марјанчо Николов, Емилијан Станковиќ, Јани Макрадуки и Весна Бендевска не можат да се внесат во процедура и по истите да се води претрес.

Значи ќе имаме расправа. Ништо повеќе од тоа.

Отворам претрес по законот.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по законот да се пријаваат за збор.

Пријавени за збор се пратениците Динвски Менде, Петров Андреј, Мираковска Соња, Топузова Каревска Роза, Жерновски Андреј, Иванова Цветанка, Грковска Лошкова Славица.

Ги молам службите да ни доставaт листинг мене и на координаторите на пратеничките листи за пратениците кои се пријавени за збор.

Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам.

Во изминатиот период староновиот министер за правда реши да ги пополни сите празнини во нашето законодавство, па дури побрза и да го предложи Законот за лобирање. И како обично,

по брза постапка со голема итност како да е дојдено до него, без дискусија како и за сите закони во изминатиот месец се изгласа и Законот за лобирање, без никаква дискусија за неговата итност, без јавна расправа, без да се земат предвид стручните забелешки, без експертските консултации. Всушност се реализираше целата за добивање на квантитет на законски решенија, демек Собранието е ефикасно без опозиција за сметка на нивниот квалитет. Фактот дека Министерството за правда не се труди да се забрза усогласувањето со европското законодавство е донесувањето и на овој закон, односно Законот за лобирање. Овој закон не само Што се донесуваше по итна постапка, туку е и дел од законите кој се донесе преку ноќ за помалку од две минути или поточно минута и 30 секунди и ваквото инаетење и инсистирање да се донесе и покрај сериозните забелешки кои ги имаат неколку невладини организации и аналитичари само ја потврдуваат тврдоглавоста и ароганцијата на парламентарното мнозинство и Владата на Република Македонија.

Ќе се обидам да дадам одредени забелешки со цел да се види апсурдноста од ваквиот закон.

Прво, ваков закон имаат донесено три европски држави Литванија, Полска и Унгарија, а сега еве и ние можеме да се пофалиме дека сме дел од нив.

Второ, во образложението на Министерството за правда нема јасна слика зошто Македонија има потреба од ваков закон.

Трето, согласно членот 2 став 1 поимот лобирање се дефинира како активност насочена кон законодавната и извршната власт на централно ниво, како и кон локалната власт заради остварување определени интереси во процесот на донесување на закони и други прописи. Според ова граѓаните или невладините организации секој контак кој ќе го имаат со претставниците на централната или на локалната власт барајќи да се оствари некое свое право ќе треба да се смета за лобирање. За тоа да биде легално согласно членот 7 граѓаните треба да бидат регистрирани како лобисти, правните лица кои се занимаваат со ова треба да бидат регистрирани во Централниот регистар и лиценцата треба да ја добијат од генералниот секретар на Собранието на Република Македонија. Ќе дадам неколку примери за лобирање. На пример, ако некој родител сака да разговара со член на Совет на својата општина, кој воедно е  член на Комисијата за спорт и млади за подобрување на состојбите во училиштето во кое учи неговото дете треба да побара лиценца за лобист од генералниот секретар на Собранието и да има завршено факултет за физичка култура. Во спротивно лиценца нема да добие и слетсвено на тоа нема да може да лобира, а неговите евентуални активности ќе бидат нелегални. Или пак ако некој сака да разговара со член на Совет за измени на детален урбанистички план или генерален урбанистички план во својата општина треба да побара лиценца од генералниот секретар на Собранието на Република Македонија за лобист и да има завршено градежен факултет. Во спротивно лиценца нема да добие и следствено на тоа не ќе може да лобира за измени на деталниот или генералниот урбанистички план и неговите активности од страна на Владата или локалната самоуправа ќе бидат прогласени како незаконски, па може да биде приведен со лисици, да биде сликан со камери и т.н. до колку е член или симпатизер на СДСМ. А до  колку е член на владеачкото мнозинство или до колку е член на ВМРО-ДПМНЕ не само што може да лобира иако за тоа ќе нема право, туку може да гласа во Советот и измени на детални урбанистички планови, како што е и господинот Здравев. Родителите на родителски состанок треба да ангажираат лобисти до колку немаат лиценца од генералниот секретар и соодветно образование како факултет за воспитувачи, ако сакаат да се подобрат условите од страна на Управата во училиштето.

Зошто го говорам сето ова? Затоа што согласно член 7 кој е предложен во Законот за лобирање суштински услов за стекнување својство лобист е лицето да има високо образование од областа за која лобира и при тоа треба да е деловно способен. Овој законски услов е небулозен и ги прави апсурдни сите секојдневни реални потреби и односи во општеството.

Почитувани пратеници, до колку се видат искуствата од ваквите закони во земјите во кои се донесени ќе се види дека нивната примена е многу тешка. За разлика од тоа, заобиколувањето е многу поприсутно. Ваквиот закон ќе доведе само до партиски политички и финансиски интерес на една мала група на луѓе, а со оглед на тоа дека Законот за лобирање е катастрофално лош закон од секој аспект не заслужува натамошен коментар и предлагам истиот да се повлече од собраниска процедура. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Петров Андреј, повелете.

**Андреј Петров**: Благодарам.

Почитувана претседателке, сакам да ги искажам своите ставови во однос на овој закон.

Прво, не сакам да спорам со потребата од донесување на ваков закон, мислам дека добор е да има закон за лобирање кој ќе ги стави во одредени рамки некои работи кои веќе се случуваат на ова поле. Меѓутоа исто така има многу забелешки и за мене несфатливо е зошто токму оние кои беа главните лобисти за донесување на овој закон, а тоа се невладинте организации сега искажуваат толку резерви во однос на ова понудено законско решение.

Мислам дека ваквиот закон, прво треба да се констатира дека во голем дел од земјите посебно на Европската унија не постои. Она  од каде што може да се црпат  одредени искуства тоа се Соединетите американски држави, Канада, некои од поновите членки на Европската унија укажуваат дека може да се оди по тој приод,

меѓутоа тој приод треба да биде обмислен, не треба да биде направен само заради потреба од донесување на тој закон туку треба да се внесе суштинска промена во овој дел.

Клучните забелешки по однос на законот кои се истакнати од голем број на невладини организации, пред се се во однос на тоа дека прво, овој закон се труди на некој начин да биде генерален кој ќе го опфати лобирањето како активност на секое ниво. Колку тоа е возможно со оглед дека голем број од законските решенија се носени со квалификувано мнозинство, а ги таргетира овој закон, мислам дека не е баш добро обмислено и дека активностите на лобирање насочени кон централната власт се разликуваат поприлично од активностите за лобирање насочени кон локалната власт.

Исто така колку можноста во лобирањето како активност, "да се остваруваат определени интереси", цитирам, а да не се прецизира кои се тие интереси кои ќе се остваруваат со лобирањето, исто така укажува дека во членот 3 став 3, треба стриктно да се дефинираат конкретните интереси што ќе бидат, што ќе настојуваат да се остварат. Поинаку може некој да го толкува како озаконување на мала врата на нешто што народот и луѓето го квалификуваат како провизии, што мислам дека не е целта на овој закон.

Исто така овој закон е премногу рестриктивен во однос на невладините организации. Во законот, стои дека само оние кои се повикани од граѓанските асоцијации ќе учествуваат во одредени активности, изготвување на закони, мислам дека тоа е премногу рестриктивна определба. Што со оние кои не се повикани. Значи со тоа се лимитираат правата на граѓаните на граѓанските асоцијации кои им се дадени со одредени закони, да речеме законите и за локална самоуправа и некои други закони им овозможуваат на граѓаните да учествуваат во овие активности. Затоа треба да се предефинира делот во кој се наведуваат активностите кои нема да се сметаат за лобирање. Пред се тоа се граѓанските анализи и истражувањата на општествените пробелми, изнесувањето и застапувањето на одредени решенија, понатаму индивидуалното застапување пред државните институции, комуникацијата со државните институции, техничките или консултанските услуги на државните институции, комуницирањето со државните институции за одредени регулаторни или административни прашања.

Од друга страна на законот му недостига определба со кое ќе ограничи едно лице да учествува и во изготвувањето на законот и во примената на законот. Мислам дека тоа отвора можност за корупција и тоа е нешто што може да нанесе сериозни последици во применувањето на овој закон.

Стекнувањето на својството лобист, исто така е контрадикторно. Беше дебатирано дека е потребно високо образование од соодветната област, меѓутоа може да се случи често да има преклопување на одредени области и мислам дека тука не е најсреќно најдено решението дека треба да биде од соодветната област. Кој ќе толкува која е таа соодветна област, често и во науката и во живот работите се поклопуваат.

Понатаму, контрадикторно е евидентирањето на лобистите. Значи додека Централниот регистар ги евидентира правните лица, лобистите се евидентираат од страна на генералниот секретар на Собранието. Мислам дека тоа не е исто решение кое може да даде релевантен одговор, зошто токму генералниот секретар на Собранието е тој што го води овој регистар.

Меѓутоа, најконфузна од се е одредбата за надзорот на лобирањето. Надзорот треба спрема овој закон да го врши Комисијата за спречување на корупцијата што отвора простор од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата во сите активности што ги превземаат граѓаните, одредени правни лица, невладини организации и те како да се замеша и со тоа да го наруши карактерот на граѓанското и цивилното општество кое ние го градиме. Моето убедување е дека треба некој орган кој е поврзан, ако веќе регистарот го води Собранието, за лобистите односно генералниот секретар, тогаш треба и надзорот да биде во некоја линија поврзана со тоа, мислам дека решението за Државната комисија е несреќно избрана.

Исто така, се санкционираат само лобистите. Нема ни збор за тоа како ќе се санкционираат да речеме функционерите кои ќе влезат со лобистите во одредени комуникации кои ќе значат недозволени активности Од друга страна исто така фактот дека законот тврди дека на секој лобист треба да му биде овозможен контакт со одреден функционер, институција, сепак дава можност на функционерот со ограда да ја одбие таквата средба, што не е добро дефинирано исто така во законот. И она што исто така треба да се стави тоа е надзор над функционерите кои ќе бидат дел од комплексната активност на лобирање. Извештаите во јавноста се нешто што е многу поважно, и треба да постои отколку што е да кажам надзорот од Државната комисија за спречување на корупцијата, бидејки сепак јавноста е таа која го дава конечниот суд за многу работи.

На крајот да завршам дека потребата од закон, можеби ја оправдува фактот што оваа материја во голем дел е неругулирана, се одвива стихијно, меѓутоа факт е дека, мислам дека ваква една активност треба да биде сепак пообмислена и законските решенија да нудат еднакви услови за сите и да се внимава многу да не се нарушат граѓанските права, слободите на невладините организации, правото на искажување на сопственото мислење, правото на застапување на одредени решенија што во дел преку водењето на регистарот, меѓутоа исто така и преку надзорот над овие активности може да биде доведено во прашање. Затоа еден ваков

закон треба да претрпи доработка од страна на Владата. Значи неспорно е дека идеата да се нормира една ваква активност е добра, меѓутоа дел од решенијата даваат сомнение посебно кај главните лобисти, кај невладините организации, кај граѓанските асоцијации, дека може да бидат загрозување на нивните права, на правата на човекот, исто така дава за право на тие стручњаци од тие области кои тврдат дека законот треба да се доработи и потоа да биде пуштен поново во процедура. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор пратеник Мираковска Соња.

**Соња Мираковска:** Благодарам претседателке .

Законот за лобирање е типичен пример на закон кој доаѓа на сцена пред неговото време. Значи како што умеат да кажат некои експерти, со овој закон полека влегуваме во фаза на преномираност, нешто што веќе започна и станува пракса во ова Собрание.

Зошто сметам дека овој закон доаѓа предвреме.

Во земјите на Европската унија, мал е бројот на оние земји во кои лобирањето е ставено во законска рамка.

Во Европската унија моментално само три земји, како што веќе слушнавте од колегата, имаат закони за лобирање, Полска, Литванија и Унгарија. Додека пак во постарите демократии во Европската унија се приоѓа многу потемелно и повнимателно при креирањето и имплементирањето на законите за лобирање. Во земјите на Европската унија акцент е ставен врз само нормирање на лобистите. Формирани се многу европски лобистички здруженија кои пак од своја страна усвојуваат кодекси на етичко однесување, поготово кога се обраќаат во институциите на Европската унија.

Додека пак регистар или акредитација има само за лобистите кои се обраќаат во Европскиот парламент што не значи дека многу скоро нема да се случи да се воведат регистри пред сите институции.

Она што што е значајно за Македонија, во Македонија предлагачот Министерството за правда нема соговорник. Во Македонија бројот на лобистите е многу мал, сеуште не постои никакво здружение на лобисти, кое може да донесе или да примени кодекс на етичко однесување. Исто така од Македонија немаме акредитирани лобости во Парламентот на Европската унија кои би лобирале за нашата земја. Законот практично претставува ако гледате некаков микс од полскиот и литванскиот закон за лобирање, а судбината на законите во овие земји во моментов е таква што сеуште не се доволно заживеани, затоа што и таму нема доволен број на лобисти и сеуште зад здруженијата многу лобистички групи се скриваат, значи сеуште не функционираат, дури сега признаваат дека законите им се донесени пред време.

Се поставува прашањето од друга страна која е целта од носење на вакво законско решение. Најверојатно претпоставуваат многу од вас, како што веќе и дел од здруженијата на граѓани се побунија на носење на еден ваков закон, значи ставање на рамка, во рамка на сите оние кои сакаат да се изборат, за своите или за нечии права. Можеби ставање во рамки на новинарите кои случајно или не не се спомнати во овој закон, а кои изнесуваат мислење по секој закон. Нејасниот и непрецизен закон, секој разговор, може да го подведе под поимот лобирање, што е исклучително опасно. А од друга страна она што лобистите го имаат како обврска е значително потенцирано. Од лобистот се бара да биде остручен во областа во која ќе лобира, но на пример во социјалната сфера постојат зони кои што не можат јасно да се дефинираат. Лобистот мора да му ги презентира на функционерот сите собрани информации, а од друга страна функционерот може да одбие средба со лобистот, тоа му е дозволено со овој закон.

Лобистот е должен, да поднесува годишен извештај за својата работа, до генералниот секретар на Собранието и до Државната комисија за спречување на корупција. Извештајот содржи податок за тоа каде е регистриран лобистот согласно овој закон, дали е регистриран лобистот, податоци за кого и за што ќе лобира, податоци за финансиските средства што ги добил за извршеното лобирање и она што е најважно податоци кај кого и преку кои активности лобирал. Како што реков тоа е најважно. Со кого лобистот се сретнал т.е. кај кого лобирал. Дали овие податоци ќе ја видат светлината на денот е знак прашање. Имајќи ја во предвид вчерашната одлука на претседателот на Собранието, извештајот на антикорупциската комисија да не го стави пред Собранието, а утре таа антикорупциска комисија ќе има уште еден таков извештај од сите лобисти, прашање е дали некогаш ќе дознаеме каде се лобирало, на чија врата чукнале лобистите.

Значи, наместо да овозможи борба против корупцијата, многу лесно може да овозможи нешто сосема друго овој закон, може да овозможи сконцентрирање на корупцијата во одредени врвови на власта, што е исклучително опасно. Затоа, бидејќи овој закон во себе содржи голем број недоречености, голем број контрадикторности, нејаснотии, а од друга страна на македонските лобисти им е потребно едукација, потребно организирање на семинирани, потребно е здружение на лобисти, потребен е кодекс на однесување на лобистите. Сметам дека за овој закон се уште не е дојдено времето.

Како пратник на Нова социјалдемократска партија нема да гласам за носење на овој закон. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитувана потпретседателке.

Еве сосема на кратко би сакала да кажам и моето мислење да го искажам во однос на овој закон, навистина со жалење ќе констатирам дека денес пред нас ова е трет закон, односно ако го земеме вклучително и оној кој вчера дебатиравме, законот за енергетика четврт закон, кој што наместо да ја водат Македонија напред кон евроатланските интеграции, тие ја враќаат уште поназад воведувајќи еден систем кој што не само што требаше да биде критикувам токму и беше критикуван од страна на ВМРО ДПМНЕ, туку веќе требаше да биде заборавен, е да се стремиме се што било негативно во тој систем, да го заборавиме, да го пратиме во историјата, а понатаму оние што биле позитивни вредности да ги усовршуваме и да ги подигнеме на повисоко ниво.

За жал, јас можам да констатирам дека Законот за лобирање, ваков каков што го имаме пред нас во овој момент апсолутно не и е потребен на Република Македонија и е уште еден чекор кон целосната партизација на државата. Јас сметам и Либерално демократската партија е на мислење, дека закон за лобирање и е потребен на Република Македонија, дали е сега времето во овој момент, сигурно дека во рамките на онаа брза лента и еуфоријата која што владееше во Собранието за време на отсуството на опозоцијата од работата на пленарните седници не и беше потребен, но во секој случај закон за лобирање не може да биде штетен, може да биде само користен доколку ги исполнува сите меѓународни стандардни норми и критериуми. Зошто на Македонија и е потребен закон за лобирање. Пред се мислев дека со овој закон ќе се даде можност и ќе се регулираат ќе се определат критериуми и начини како да се обезбедат лобисти кои што ќе лобираат во меѓународните институции за Република Македонија затоа што мора да признеме дека во овој момент тоа и е неопходно.

Во онаа ситуација во која што сега се наоѓа Република Македонија изолирана од сите страни навистина ни е неопходна една ваква институција лобист, со закон значи регулирани критериуми. За жал власта воопшто не мислела на тоа. Донесе закон за лобирање да ги замолчи сите оние кои што не се нејзини истомисленици, Закон со кој што ќе може да наместо се унапредуваат односите на релацијата помеѓу власта и граѓанското општество да тие односи се уназадуваат. Закон кој што дури и предвидува казни за се она што не и се допаѓа, а треба да го слушне оваа власт биде кажано од страна на било кој кој што и со онака недобрите дефиниции за лобист овдека го имаме во овој закон.

Со оглед на тоа дека колегите кои што говореа пред мене направија целосни анализи на пооделни членови иако и јас истото го направив, на крајот дојдов до заклучок дека во 10 минути нема ниту можност ниту време да се анализираат сите членови на законот и на македонската јавност да и се објасни зошто овој закон е лош и зошто овој закон не треба да се донесе. Мислам дека парламентарното мнозинство овој пат, бидејќи од овој закон иако дава можности и овој закон за коруптивни дејства но нема некоја неопходна потреба да биде донесен баш во овој момент па ќе собере сили и нема да гласа за овој закон.

Почитувани колеги пратеници, од парламентарното мнозинство размислете какви се закони денеска донесовме. Значи Закон за енергетика кој што во Македонија ќе наметне сиромаштија недостаток на електрична енергија, закон кој што е апслутно штетен за сите граѓани корисници на електрична енергија, од една страна а од друга страна дозволува стварање на монопол и богатите да стануваат уште по богати. Потоа Закон за работни односи, за кој што доволно говоревме исто така, кој што ги става во многу незавидна ситуација работниците, оние кои што најголем дел од нив гласаа за вас, и Закон сега за лобирање кој што во склопот на сите овие закони реков, уште еден чекор кон враќање на Македонија назад и целосна партизација на државата која што власта сака комплетно да стави своја рака ама баш врз се што се случува во државата и да ја загуши секоја слободна мисла за да не даде можност да биде искажан било каков слободен збор кој што апсолутно нема да и оди во нејзин прилог.

Токму поради ова искажаното нема да го поддржам овој закон и очекувам дека многу брзо Уставниот суд ќе го оцени како неуставен, затоа што ги има сите елементи на неуставност, не само во еден, туку во повеќе членови и Собранието ќе донесе закон каков што и е потребен на Република Македонија без разлика само што досега три земји го уредиле ова право на лобирање со закон, јас сметам дека Република Македонија заслужува да има добар и квалитетен закон за лобирање. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор пратеник Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам почитувана потпртседателке,

Дозволете од лично име и име на пратениците на ЛДП да му честита на функционерот десно од вас, што после ова гласање денеска ќе добие уште една битна функција и што тој ќе стане таму каде што лобистите требаше да регистрираат во Република Македонија, дозволете однапред да му честитам на генералниот секретар.

Зошто се случува тоа, јас ќе побарам објаснување потоа во мојата дискусија.

Значи со Законот за енергетика и со Законот за експропријација, расчистивме со приватноста во Република Македонија со Законот за работници, расчистивме со оние работници кои што се разбира немаат членска книшка на ВМРО ДПМНЕ, дојде време да расчистиме со сите оние кои што размислуваат поинаку од премиерот Груевски од ВМРО ДПМНЕ. За да тоа не се случува, за да некој случајно не покрене иницијатива пред парламентот или во советите на локалните општини тоа ќе го забраниме со

донесување на закон за лобирање. Закон за лобирање служи всушност за да се замолчат како што кажа мојата колешка оние што мислат поинаку, и се разбира да се задуши јавно искажаниот збор на многумина невладини организации, фондации, особено се разбира оние кои што размислуват поинаку. И, исто така се разбира немојте да заборавите дека кампањата на ВМРО ДПМНЕ кошташе многу, не знам дали се 40 или 50 милиони евра, тоа не можам да го кажам тоа, но се разбира треба тие пари да се вратат, а како ќе се вратат, ако не од оној кога ќе сакаат некоја активност да поканат, ќе си платат таму каде што треба да си платат.

Закон за лобирање како и сите останати од пакетот на оние кои што не се потпишани од страна на претседателот на Република Македонија се карактеризира со истите недостатоци како и претходните, или оние што треба да ги гледаме од пакетот од петте односно сега и со законот за надворешни работи од шестте закони.

Прво донесен е крајно нетранспарентен и крајно сомнителен начин, и второ донесен е без воопшто да се земат предвид забелешките од домашното и се разбира од меѓународната јавност или ако сакате од домашните и меѓународните организации.

Затоа веднаш на почетокот треба да разјасниме една работа. Штом оваа Влада која што секој ден упорно изјавува дека е транспарентна дека се што работи работи во интерес на граѓаните, дека се што работи работи пред очите на граѓаните, се обидува, пак ќе кажам на седница во петок попладне без присуство на опозицијата, без присуство на новинари, без присуство на јавноста затоа што новинарите не се присутни, да донесе еден пакет, тогаш е јасно од овион дека нешто сомнително се случува. Во што е тоа треба денеска да открие опозицијата, опозицијата е спречена да даде амандмани, меѓутоа, со дискусии имаме обврска да укажеме на граѓаните што е тоа што всушност се случува во Република Македонија и зошто на некој му теknало денеска кога Македонија има толку прашања пред себе политички да реши затоа што сака да биде член на Европската унија и НАТО денеска носи закон за лобирање.

Исто така, на почетокот треба да се напомене како и Законот за работни односи токму овој закон кој е наменет за невладините организации, токму за оној на кој е наменет, тие немаа можност до сега да ги дадат своите забелешки, се разбира за самата содржина, за тоа воопшто не стана збор.

Јавноста треба да знае дека петте највлијателни, најавторитетни невладини организации жестоко го нападнаа Законот за лобирање, а меѓу другото и во најголема мера се работи токму за линијата на невладини организации како тие да го остварат своето влијание ако не лобираат.

Јас многу добро се сеќавам дека на неколку наврати токму премиерот Груевски не убедуваше дека под А) има обична соработка со невладиниот сектор и под Б) токму невладиниот сектор е негов најголем партнер. Сега станува јасно дека господинот Груевски односно премиерот Груевски, се извинувам, има добра соработка само со оние невладини организации кои се портокалови од глава до петици. Да кажеме “Гласот на светлината” или оние што се за правдата итн., не можам да ги запомнам, ги има многу, а формирани се откако Груевски дојде на власт.

Да одиме по ред.

Прво, како што кажав овој закон е донесен на крајно нетранспарентен и сомнителен начин. Јавноста треба да знае дека Владата на Република Македонија преку ноќ го повлече овој закон од редовна постапка и истиот предложи од еднаш да биде усвоен по итна постапка кога опозицијата не беше тука или за да знаат претставниците на парламентарното мнозинство Законот беше усвоен само еден ден откако беше поднесен во Собранието. Тоа е толку голема брзина што сум убеден дека најголемиот број, да неречам сите, тоа не е коректно, пратеници од ВМРО ДПМНЕ, од нивните коалициони партнери и од најновите коалиционерни партнери од ДУИ воопшто го немаат прочитано Законот. Кога некој закон се носи само за еден ден, а се вели дека Владата е транспарентна, Владата ги слуша забелешките од оние кои се во невладиниот сектор, во овој случај, тогаш е јасно дека нешто сосема друго се случува.

Понатаму, она што е многу битно да се напомене дека усвоениот закон за лобирање на никаков начин не придонесува за транспарентност во процесот на застапување, затоа што тоа е еден од основните позиции на лобирањето, туку напротив со своите одредби го заштитува односот помеѓу нарачателот на лобирањето и се разбира лобистот.

Што се однесува до самиот текст најголема замка се крие во, според мене, овие два сегменти.

Прво, со овој закон се ограничува директното учество на граѓаните, здруженијата и фондаците. Од таму ако кажеме дека се предлага и се усвојува закон кој го ограничува директното учество на граѓаните, тогаш се прашуваме зошто беа сите оние кампањи наречени “црвени теписи за граѓаните”, отворени денови за граѓаните кога токму на граѓаните им се оневозможува стриктно со овој закон да го остварат своето влијание. Значи, правиме кампањи, а всушност позади тие кампањи даваме закони каде истите граѓани џабе влегуваат во Владата на Република Македонија ако не можат никако да влијаат токму со овој закон. Доаѓаме директно до она што мене барем ми е сосема јасно од овој закон е тоа што со овој закон Владата има дискреционо право. Читајте премиерот Груевски има дискреционо право да одлучи дали една организација е квалификувана или ако сакате подобна да лобира за одредени прашања.

Ако некој, не дај боже, чепка таму каде не треба, тој според овој закон ќе може да биде казнет, затоа што го прави тоа без да има дозвола, се разбира, од оној кој определил. Кој определува? Владата на Република Македонија.

Инаку не може да се објасни фактот што ако ја читаме причината зошто е донесена овој, образложението зошто имаме Предлог на закон за лобирање од страна на Министерството за правда таму најважната работа е испуштена. Никаде во текстот, ако го прочитавте колеги, не е наведено зошто се носи законот, што е според мене прв пат да го видам во официјални документи на Владата на Република Македонија без разлика на која Влада, мислам на институцијата Владата на Република Македонија.

Она што како пример беше кажувано според член 3, кој вели дека лобирањето се спроведува врз основа на писмен договор со лобист и беше кажано и беше даден голем пример на лобирања или големи примери што всушност ќе се случи ако земете да лобирате со Советот во општината или со пратеникот, а за тоа не сте регистрирани. Така го имавме Законот за енергетика го даваат невладините сектори како пример, ако сакате да лобирате за него треба да бидете или економист или инжинер или екологист итн, што не знам кој тоа ќе го определува во Република Македонија.

Понатаму, условите за регистрирање се исклучително проблематични. Вели да има високо образование во областа, а во пракса ова може да значи еден вработен во една образовна асоцијација кој има диплома од економски науки или можеби нема да може да учествува во подготвување на Законот за високо образование. Или мојата колешка сега доаѓа од Прилеп ако сака некој да интервернира за хигиената на Пилофест ќе мора да биде или да има завршено факултет за туризам или факултет за здравство или може да биде казнет, уапсен затоа што човекот не поседува диплома за тоа што побарал пратеникот од Прилеп да реагира.

Она што исто боде очи е што јас не разбирам, уште еднаш сакам да го покренам тоа прашање, е зошто сега се вметнува во овој процес на регистрација и известување кое што е апсолутно преоптоварен и ќе има секој што ќе сака да се регистрира ќе се соочи со фактот дека има огромен број на документи што не случајно треба да ги поднесе, мора да поднесе апликација за регистрација како лобист кој што ја разгледува ни малку ни повеќе генералниот секретар на Собранието на Република Македонија. Се разбира овиеј процеси не се случајни, освен што ќе предизвикаат бариера ќе предизвика и нешто друго, ќе си платите едноставно ако сакате тоа да го работите. Меѓутоа јас не гледам ниту едно рационално објаснување зошто токму генералниот секретар на Собранието кој год да е, кога веќе постои Централниот регистар, кој сите се согласувавме во претходните дискусии не само по овој закон, успешно си ја врши својата работа и има изградено веќе соодветни административни капацитети за успешно справување со тие.

И она што беше кажано од колешката сосема е нејасен пристапот за воспоставување на одговорност за известување единствено повторно, значи кои државни институции генералниот секретар на Република Македонија и повторно мојата омилена институција во Република Македонија или омилена Комисија, тоа е Државната комисија за спречување на корупција. Уште тоа и фали, толку е активна па уште ова и фали да ја докомплетира својата работа.

Реков понатаму, ако со овој закон Владата има дискреционо право да одлучи кој е тој што ќе биде подобен да лобира, сосема јасно е оние што ќе сметат ќе бидат ставени под лед. И веќе од утре ќе се случуваат пред очите на целокупната македонска јавност да видите како ќе бидат луѓе казнети затоа што не се регистрирани, за звучни имиња зборувам. Не се регистрирани, не добиле дозвола, генералниот секретар според тоа што е кажано има осум дена да каже дали е прифатено или не, толку, тука процедурата завршува и секој кој што нема да го исполни тоа ќе оди под лед.

Второ, повторно сакам не случајно во моите дискусии да биде кажано каде оди Македонија кога веќе се стреми да заврши како член во Европската унија. Беше потенцирано. Воопшто не се земени во предвид забелешките на меѓународните организации. Јас користев материјал од Европскиот центар за непрофитно право од кои што е побарано и кажано какви се забелешките - ништо, потоа од Меѓународниот центар за неприфатно право, а кој е во седиште во Европа, а ова е во Вашингтон, повторно забелешките не се усвоени. Јас не знам зошто Владата бара мислење кога воопшто не ги усвојува. И на крајот на краиштата дали нашето законодавство, како што вели премиерот, ние го усогласуваме со она на Европската унија или ако сакате со земјите членки. И беше кажано, јас ќе потенцирам, бидејќи се поставуваше прашањето кои земји имаат закон и кои имаат регистар како што сега ќе има кај нас генералниот секретар. Австрија нема ниту закон, ниту регистар, Албанија нема закон ни регистар, ќе зборувам за комшиите, Белгија нема, Бугарија нема, Германија нема, Грција нема, Данска нема ни закон ни регистар, Европската комисија, Советот на министри, Италија нема ниту закон, ниту регистар, Ирска нема ниту закон, ниту регистар, Кипар нема, Латвија, Луксембруг, Малта, Обединетото Кралство, Португалија, Романија, Словачка, Словенија, Финска, Франција, Холандија, Чешка, Шведска, Шпанија, никој нема, Македонија има. Од комшиите бидејќи премиерот ни кажува, гледајте ние мора да се угледаме на комшиите, ниту Албанија има, ниту Босна и Херцеговина, ниту Србија, ниту Хрватска, ниту Црна Гора. На Македонија односно на македонскиот премиер му текнало во овој момент да има Закон за лобирање.

Пратениците од ЛДП нема во никој случај да го подржат ова решение, немам никакви надежи дека ако го повикам парламентарното мнозинство тие ќе го прифатат апелот, тие имаат наредба ова да се случи. Меѓутоа, пак ќе кажам секој кој што го притиснува копчето за или против си носи своја одговорност. Кога ќе бидеме сведоци како во Република Македонија се казнуваат оние кои што се дрзнале да лобираат против политиката на Владата, а за тоа не се регистрирани или немаат соодветно образование ќе бидат казнети, па ќе сфатиме во која насока оди Република Македонија. Дали ќе наликува на европска земја, или ќе наликува на земја на длабокиот Западен Балкан. Затоа не случајно вчера известителот за Република Македонија во Европскиот парламент господинот Меер не само што кажа дека Македонија заостанува, туку кажа дека како Македонија што беше успешна приказна во 2005 година сега нејзиното место го зазема Србија. Тоа се резултатите од политиката на Груевски и ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е 18,00 часот ја прекинувам работата на седницата.

Сакам да ве известам дека утре во 11,00 часот има закажано нова 22-ра седница на Собранието на Република Македонија. По завршувањето на таа седница продолжуваме со 13-те седница, а со завршување на 13-та седница продолжуваме со 15-та седница, по оваа седница продолжуваме со 16-та седница, а по завршување со 16-та седница продолжуваме со 14-та седница. По завршување на 14-тата седница продолжуваме со 18-тата седница. Благодарам.

(Седницата заврши во 18,00 часот)